# *РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР*

***дипл.економист: Ромео Костадинов***

## РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР

*Регресот за годишен одмор, К-15, задолжително се исплатува до 31.12.2019, а субјектите кои имаат финансиски потешкотии, можат да исплатат под минималниот пропишан износ, по претходно исполнување на условите и спроведена постапка, согласно Колективниот договор, за приватен сектор.*

### *ВОВЕД*

Согласно одредбите од член 35 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), регресот за користење годишен одмор, се утврдува како право на надомест на трошоци поврзани со работата.

Обврската за пресметување и плаќање на регресот за годишниот одмор или К-15, се однесува и за 2019 година, за правните лица од приватниот сектор, кои се обврзани да пресметуваат и исплатуваат надоместок за годишен одмор.

Исплатата на надоместокот, се врши за вработените кои ги исполнуваат пропишаните услови, за стекнување со правото на регресот за годишен одмор за 2019 година.

Отпочнувајки од 2014 година, со одредбите од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, (ОКДПСОС), се утврди и минимален износ на регрес за годишен одмор, што не беше регулирано во претходниот период (заклучно со 31.12.2013 година). Од 2016 година, минималниот износ доби условно флексибилен карактер, кој се задржа и при исплатата на К-15 за 2019 година.

Согласно одредбите од член 35 од ОКДПСОС, исплатата на регресот за годишен одмор за 2019 година е задолжителна за вработените кај приватниот сектор од областа на стопанството, од најмалку минимално пропишан износ, освен при финансиски потешкотии, кои исплатуваат понизок износ.

### *1.1. К-15 до 2014 година*

Пред воведувањето на задолжителната обврска за исплата на К-15, исплатата беше доброволна и условена од гранската припадност на деловниот субјект.

Висината на регресот за годишен одмор (заклучно со 31.12.2013 година), се определуваше врз основа на одредбите од гранските колективни договори, но исплатата зависеше од волјата на работодавачот, како и од економско-финансиската состојба на правниот субјект.

Условите се променија по извршените измени во ОКДПСОС - Спогодбата за продолжување на траењето на колективниот договор за приватен сектор од областа на стопанството во РМ, (“Службен весник на РМ” 189/2013) за 2014 година, при што се напушти определувањето на висината за исплата, спрема гранскиот принцип, се пропиша задолжителната исплата и се определи минималната основица.

### *1.2. К-15 во 2015, 2016, 2017 и 2018 година*

Согласно одредбите до член 35 алинеа 8 од Спогодбата за измена и дополнување на Општиот колективен договор за приватниот сектор („Службен весник на РМ“ 189/13), која стапи на сила на 01.01.2014 година, се утврди обврската на работодавачот за пресметка и исплата на регрес за користење годишен одмор, во висина ***од најмалку 40% од основицата***.

Покрај тоа што со одредбата се определи најнискиот износ за исплата на регресот (40% од основицата - просечната месечна нето плата по работник во РМ исплатена во последните три месеци, врз основа на објава од страна на Државниот

завод за статистика на крајот на секој месец), се пропиша и задолжителната исплата, доколку вработениот ги исполнува условите, за да се стекне со К-15.

### *2. К-15 ВО 2019 ГОДИНА*

Врз основа на измените на Спогодбата за измена и дополнување на Општиот колективен договор за приватниот сектор („Службен весник на РМ“ 119/15), која стапи на сила на 14.07.2015 година, се пропиша флексибилна основица за К-15, за 2015 година, која се применуваше и во претходната 2018 година и остана да важи и при исплатата на К-15 за 2019 година.

Притоа со ОКДПСОС се изврши класифицирање за цели на К-15, помеѓу субјекти кои **немаат** потешкотии во работењето и субјекти со потешкотии во работењето.

#### *2.1. К-15 кај субјекти без потешкотии во работењето*

Раздвојување на два вида субјекти, со и без потешкотии во работењето, е извршено на барање на работодавачите.

Согласно категоризацијата разликуваме субјекти кои не се со задоволителна финансиска кондиција и субјекти кои не манифестирале потешкотии во работењето, иако условите не се прецизно определени, за да може да се направи јасна граница за наведениот критериум.

Согласно одредбите од член 35 став 1 алинеја 7, висината на регресот за годишен одмор за вработените во приватниот сектор од областа на стопанството во РМ, се определува на износ од најмалку **40%** од **основицата**.

**Основицата** за пресметување на надоместоците на работниците, преставува **просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија**, исплатена во последните три месеци.

Просечната месечна нето плата по работник во РМ, исплатена во последните три месеци (февруари-март-април 2019), податок кој се користи како основица за исплата на регрес за годишен одмор, почнувајќи од 01 јуни 2019, **изнесува 24.522,00 денари, која се применува до следна објава на новиот податок (за јули од 22.07. – нов податок)**.

Пропишаниот **минимален** износ на К-15 за јуни 2019 година изнесува 40% од **24.522,00**, односно **9.809,00 денари,** за субјектите кои немаат потешкотии во работењето за исплата до 21.07.2019 година (до денот на новата објава на основицата).

Со колективен договор на ниво на дејност или колективен договор на ниво на работодавач, **може** да се утврди регрес за годишен одмор **во поголем износ** од износот утврден со колективниот договор за приватен сектор од областа на стопанството во РМ.

Регресот за годишен одмор е ограничен како минимален и максимален износ за исплата.

### *2.2. Понизок износ на К-15, за субјекти со потешкотии во работењето*

Согласно одредбите од член 35 став 4, кај работодавачите кај кои настанале потешкотии во работењето, ценејќи ја економско – финансиската состојба на работодавачот, **по задолжителна претходна консултација** со синдикатот на ниво на гранка, односно оддел, со спогодба потпишана од работодавачот и репрезентативната синдикална организација, може да се утврди регрес за годишен одмор **во помал износ од 40%** од основицата, утврдена со колективниот договор, односно од **9.809,00 денари, за исплата до 21.07.2019 година**.

Согласно одредбите од член 35 став 4, кај работодавачите во кои нема формирано синдикат, спогодбата се потпишува со избран претставник од работниците.

Согласно наведеното, **не постои пропишан минимален износ на К-15**, за субјектите, кај кои настанале потешкотии во работењето.

Висината на регресот за годишен одмор, кај субјектите кај кои настанале потешкотии во работењето, **се определува спогодбено**, помеѓу работодавачот и репрезентативната синдикална организација.

Кај работодавачите, кај кои не постои репрезентативна синдикална организација, спогодбата се потпишува од избран претставник на вработените.

И во едниот и во другиот случај, наведената спогодба се склучува по претходна задолжителна консултација со синдикатот на ниво на гранка, односно оддел.

На овој начин, на синдикатот на ниво на гранка, односно оддел, му се дава арбитрарно право, да одлучува за прифаќање или отфрлање на предлогот на работодавачот, за висината на К-15.

Казнените одредби од Законот за работни односи, **во поглед на неисплатениот износ на К-15, односно неисполнување на обврската за К-15 за 2019 година, ќе се применуваат кај работодавачите, кои се повикуваат на неуспешни преговори и не постигнување спогодба за износот на К-15, како причина за неисплатување**.

Во случај на постигнување спогодба, на начинот наведен во колективниот договор, работодавачот може да исплати понизок износ од минималниот од 40% од просечната месечна нето плата по работник во РМ, исплатена во последните три месеци, односно помалку од **9.809,00** денари.

Вредноста на К-15 во овој случај, спогодбено треба да се утврди, врз основа на финансиската состојба, за исплата без финансиски штетни последици за друштвото.

### *3. УСЛОВИ ЗА ИСПЛАТА НА К-15*

Регресот за годишен одмор, се исплатува еднаш во текот на годината.

Износот се утврдува според основицата, која важи на денот на донесувањето на одлуката за исплата.

Условот за стекнување со право на исплата на регрес за годишен одмор, е работникот да работел, **над шест месеци во календарската година (2019), кај истиот работодавач.**

Со колективен договор на ниво на гранка, односно оддел или колективен договор на ниво на работодавач, може да се утврди регрес за годишен одмор во повисок износ, од износот утврден со ОКДПСОС.

Утврдувањето на висината на регресот се врши според основицата, која е **со важност на денот** на донесување на одлуката за исплата.

Согласно одредбата од член 35 од ОКДПСОС, регресот за годишен одмор, се исплатува еднаш во текот на годината.

Со спогодбата, како и со ОКДПСОС, односно Законот за работни односи (“Службен весник на РМ” 62/05 ... 187/13; 20/15; 33/15; 72/15; 129/15; 27/16; 120/18), не се предвидени прекршочни санкции, ниту глоба, во случај регресот за годишен одмор, да се исплати во неколку наврати, иако се потенцира дека неговата исплата се врши еднаш во текот на годината.

Исплатата на регресот за годишен одмор, согласно Законот за работни односи и ОКДПСОС, се врши до крајот на годината, односно **до 31.12.2019 година**, а може да отпочне од **01.07.2019**, за вработените **кои оствариле 6 (шест) месеци работен стаж, кај работодавачот за календарската 2019 година**.

**Напомена**: Регресот за годишен одмор би требало да се исплати најкасно со денот на доставувањето на годишната сметка за 2019 година т.е. 15.03.2019 година. Во спротивно **неисплатениот**, до денот на доставувањето на ДБ до УЈП, претставува **даночно непризнат расход** и ја зголемува даночната основица за данок на добивка за 2019 година.

Даночен кредит во ДБ за 2019 година, **не може да се користи, доколку К-15 за 2017 година, е исплатен после 15.03.2019 година**, бидејќи не постои основ согласно законот.

Истата одредба се однесува и за покасно исплатен К-15 за 2019 година, односно за исплатениот по 15.03.2019 година, за кој не е дозволен даночен кредит, а се враќа во ДБ ако не е неисплатен до денот на поднесување на годишната сметка.

### *4. КОРИСТЕЊЕ НА ГОДИШЕН ОДМОР И К-15*

Правото на годишен одмор му припаѓа на секој работник, кој е во работен однос и кој ги исполнува законските услови. Правото на годишен одмор следува за секоја календарска година, и секогаш е проследено со правото на надоместок на плата, а од 01.01.2014 следува и правото на регрес, кој за приватниот стопански сектор, согласно ОКДПСОС е задолжителен.

Траењето на годишниот одмор, се определува според времето поминато во работен однос, сложеноста на работното место, условите за работа, здравствената состојба на работникот и други критериуми утврдени со колективен договор.

Празниците, саботите и неделите и слободните денови, отсуствата поради боледување, како и другите случаи на оправдано отсуство од работа, не се пресметуваат во деновите на годишниот одмор.

Како ден на годишен одмор, се смета секој работен ден, кој според распоредот на работното време кај работодавачот, за конкретниот работник е одреден како работен ден.

Работникот се стекнува со правото на цел годишен одмор, кога ќе оствари непрекината работа од **најмалку шест месеца**, без оглед дали работникот работи **полно** работно време **или пократко работно време** од полното.

Работникот има право на користење на пропорционален дел на годишниот одмор, во вкупен износ од по два дена, за годишниот одмор, од секој месец работа, ако:

**1) во календарската година, во која склучил работен однос, не се стекнал со правото на користење на целосен годишен одмор (од вработувањето остварил помалку од 6 месеци во годината) и**

**2) му престанал работниот однос пред изминувањето на рокот, на кој по истекувањето би добил право на целосен годишен одмор (работел под 6 месеци пред отказот).**

Потребите на работниот процес, како и можностите за одмор и рекреација на работникот, односно земањето во предвид на семејните обврски на работникот, се одлучувачки фактори при користењето на годишниот одмор.

Годишниот одмор по правило се користи во текот на календарската година, може да се користи и во два дела, со тоа што првиот дел задолжително трае **најмалку 12** работни дена. Работодавачот е должен на работникот да му обезбеди искористување на 12 работни дена годишен одмор, до крајот на тековната календарска година, а остатокот до 30 јуни наредната година.

Годишниот одмор, којшто не бил искористен во тековната година, заради отсутност поради боледување или повреда, породилен одмор или одмор за нега и чување на дете, ра-

ботникот има право да го искористи до 30 јуни, идната календарска година.

Работникот по престанувањето на работниот однос има право на обештетување за неискористениот дел од годишниот одмор.

Ништовна е каква било спогодба со која работникот би се откажал од правото на годишен одмор или од обештетувањето за годишниот одмор.

Должината и начинот на користењето на годишниот одмор во установите од областа на образованието и науката се уредуваат со прописите од областа на образованието и науката, поради специфичноста на оваа област, која подразбира посебен режим на одмарање, поврзан со законски пропишаните периоди за одмор на учениците и наставниот кадар во училиштата.

Работникот има право еден ден од годишниот одмор да го искористи на ден којшто самиот ќе го определи, ако тоа посериозно не го загрозува работниот процес, за што мора да го извести работодавачот, најдоцна три дена пред користењето.

### *5. ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД И К-15*

Согласно одредбите на Законот за данок на личен доход (“Службен весник на РМ” 241/18), регресот за годишен одмор, како доход од работа, се оданочува со данок на личен доход.

Согласно одредбите од член 12 од Законот за данок на личен доход, предвидени се ослободувања за доходот од работа - надоместоците од работен однос. Во наведената одредба не постои пропишано ослободување од данок на личен доход, за регресот на годишен одмор.

Согласно одредбата од член 14 од Законот за данок на личен доход, доход од работа претставува секој доход што го остварува обврзникот по основ на работен однос, вклучувајќи го и доходот по договор за повремено или привремено вршење услуги на органите на државната управа, на домашните и странските правни и физички лица, како и на домашните странските физички лица што вршат самостојна дејност, ако со законот за данок на личен доход, не е изземен од оданочување.

Согласно одредбата од член 15, доход од работа во смисол на член 14 од законот, претставуваат:

1) остварената плата и надоместокот на плата од работен однос и исплата по основ на деловна успешност на работодавачот, намалени за придонесите од задолжително социјално осигурување и даночното намалување за месецот за кој се исплатува платата;

2) износот на надоместоците на трошоци од работен однос исплатени над износите од членот 12 на законот за данок на личен доход и сите други надоместоци на трошоци поврзани со работа утврдени со Законот за работните односи, Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, гранските колективни договори, колективен договор на ниво на работодавач и прописите за органите на државната управа и износот на надоместокот за закуп на имот како и износот на надоместокот на трошоци поврзани со закупот на имотот на вработено лице кога надоместоците ги плаќа работодавачот;

Основа за пресметување на данокот на личен доход од работа, претставува износот на надоместоци на трошоци од работен однос исплатени над износите од член 12 на законот и сите други надоместоци на трошоци поврзани со работа, утврдени со Законот за работните односи, Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, гранските колективни договори и прописите за органите на државната управа.

Согласно одредбите од член 84 од Законот за данокот на личен доход, утврдување и наплата на аконтација на данокот на доход по одбивка, се врши за следните видови доходи:

1. доход од закуп и подзакуп (ако исплатувачот на доходот води деловни книги);
2. доход од права од индустриска сопственост;
3. доход од капитал;
4. доход остварен од добивки од игри на среќа;
5. доход од осигурување и
6. друг доход

се пресметува на соодветно утврдена даночна основа со примена на единствена стапка од 15%, а пресметаниот и платениот данок по одбивка се смета за конечно намирена даночна обврска.

**Аконтацијата на:**

1. **данокот од доход од работа,**
2. **доходот од авторски и сродни права и**
3. **доходот од продажба на сопствени земјоделски производи (ако исплатувачот на доходот води деловни книги) се пресметува на соодветно утврдена даночна основа со примена на следните стапки:**

| на месечна даночна основа | по стапка |
|---|---|
| до 90.000 денари | 10% |
| од 90.001 денар | 9.000 денари + 18% на делот од доходот над 90.000 денари |

Согласно наведеното, аконтација за данок на личен доход се пресметува при исплатата на К-15, за секој поединечен вработен, по стапка од 10% (**11,1111% од нето исплатениот К-15**).

Бидејќи износот на К-15 е лимитиран, аконтацијата за К-15 ќе се пресметува по 11.1111%, но при годишното пресметување износот влегува во основица со прогресивно оданочување.

Уплатата на аконтацијата за данок на личен доход се врши збирно по Општините, во кои вработените кои примаат К-15, имаат живеалиште, односно престојувалиште, на следната **уплатна сметка**:

**840 – општина – 1284; приходна шифра 711131.**

**Минимален износ за исплата на К-15, согласно ОКПДСОС, изнесува 9.809,00 денари (24.522,00 x 40% = 9.809,00 денари за јули 2019 (до 22.07.2019 до нов податок).**

Согласно одредбите од член 35 од ОКПДСОС, основицата за пресметување на надоместоците на работниците, претставува просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија, исплатена во последните три месеци.

Просечната месечна нето плата по работник во РМ исплатена во последните три месеци за месец јуни изнесува 24.522,00 (за исплати на К-15 до 22.07.2019), што претставува износ кој може да се исплати за регрес за годишен одмор, за тековниот период од 2019 година, почнувајќи од 01.07.2019 до другата објава на платата на крајот од месец јули 2019.

**НАПОМЕНА: Висината на износот зависи од моментот на донесување на Одлуката за исплата на К-15, од страна на работодавачот.**

Без оглед на висината на пропишаниот износ за исплата на К-15, целокупниот исплатен износ подлежи на данок на личен доход, било тоа да е 9.809,00 или 24.522,00 денари.

**НАПОМЕНА**: Наведените минимален и максимален износ се определени, како нето износи за исплата, согласно одредбите на ОКПДСОС и Законот за работни односи, а давачките дополнително се пресметуваат на нето основиците.

### *6. ДАНОК НА ДОБИВКА И К-15*

Основа за пресметување на данокот на добивка за соодветниот даночен период, претставува износот на добивката зголемена за непризнаените расходи и помалку искажаните приходи.

Сметководствената бруто добивка се утврдува според прописите за сметководство и воспоставените деловни политики и практики. Сметководствената бруто добивка за одреден даночен период, подлежи на оданочување со 10% данок на добивка, врз основа на утврдената пресметка на Образец ДБ.

Согласно член 11 став 1 точка 2 алинеја 6 од Законот за данокот на добивка (“Службен весник на РМ”112/14; 248/18), за оданочиви расходи и помалку искажани приходи се сметаат:

1) расходите кои не се поврзани со вршење на дејност на субјектот, односно не се непосреден услов за извршување на таа дејност и не се последица од вршењето на таа дејност;

2) исплатените надоместоци на трошоци и други лични примања од работен однос, освен утврдените со оваа точка во износи кои не го надминуваат:

- износот на исплатениот регрес за годишен одмор во висина од 40% од просечната месечна бруто плата по работник во РМ, објавена до денот на исплатата.

**(36.390,00 x 40% = 14.556,00 МКД).**

Не се оданочува износот на исплатениот регрес за годишен одмор во висина од 40% од просечната месечна бруто плата по работник во РМ, објавена до денот на исплатата, или помалиот износ од наведеното утврден со спогодбата помеѓу работодавачот и вработените, односно синдикатот.

**Исплатениот износ на К-15 до 14.556,00 денари не подлежи на оданочување со данок на добивка.**

Износите на исплатен К-15, **кои ја надминуваат висината од 14.556,00 денари, подлежат на оданочување со данок на добивка,** со тоа што износот над наведениот пропишан максимален износ на даночно признат расход, ја зголемува даночната основица за данок на добивка во Образец ДБ.

Неисплатениот износ до денот на поднесување на Образец ДБ во УЈП, односно до денот на доставување на годишната сметка во ЦРМ, целосно се оданочува со данок на добивка и за истиот **не е дозволено** во наредната година да се користи даночен кредит.

# *ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

***дипл. економист: Јулија Минковска***

## ЗАДРШКИ И НАМАЛУВАЊЕ НА ПЛАТАТА НА РАБОТНИКОТ

*Правото на работникот на заработувачка плата, како и начинот на утврдување и намалување на платата, односно задржување на платата по било кој основ е регулирано согласно Законот за работни односи (“Службен весник на РМ” 62/05...27/16;120/18 ), Законот за Извршување (“Службен весник на РМ” 72/16; 142/16; 233/18) и други подзаконски акти.*

### *ВОВЕД*

Работникот има право на заработувачка плата, согласно со Закон, Колективен договор и Договорот за вработување.

Плаќањето на работата, според договорот за вработување, мора да биде секогаш во парична форма.

Во Договорот за вработување, работодавачот треба да ја внесе и висината на основната плата на работникот, односно платата определена земајќи ги предвид барањата на работното место, за кое работникот склучил договор за вработување.

При исплатата, работодавачот мора да го почитува најнискиот износ определен со колективен договор, во согласност со закон, кој непосредно го обврзува работодавачот.

Во секојдневното работење, работодавачот често пати се соочува со дилемата на кој начин да изврши запирање од платата на работникот **(задршка од плата)**, односно да ја намалат платата на одделен работник по некој основ (неизвршување на работни задачи и слично), при што се мешаат поимите **“задршка од плата**” и **“намалување на платата”.**

## *1. ПЛАЌАЊЕ НА РАБОТАТА*

Согласно член 105 од Законот за Работни односи (***во натамошниот текст ЗРО***), работникот има право на заработувачка - плата, согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување.

Плаќањето на работата по договорот за вработување, мора да биде секогаш во парична форма.

При исплатата, работодавачот мора да го почитува најнискиот износ определен со колективен договор, во согласност со закон, кој непосредно го обврзува работодавачот.

### *1.1. Исплата на плата*

Согласно член 109 од ЗРО, платата на работникот за работа со полно работно време, не може да биде пониска од минималната плата, утврдена според закони колективен договор.

Работодавачот е должен за еднаква работа со еднакви барања на работното место да исплаќа еднаква плата на работниците без оглед на полот.

**Платата се исплатува за периоди кои не смеат да бидат подолги од еден месец.**

Платата се исплаќа **најдоцна 15 дена** по изминувањето на исплатниот период.

Ако денот на исплаќањето е слободен ден, платата се исплаќа најдоцна идниот прв работен ден

Работодавачот е должен претходно писмено да ги извести работниците за денот на исплаќањето и за секоја промена на денот на исплаќањето.

Работодавачот е должен на работникот да му ја исплати платата до крајот на денот на исплаќање на вообичаеното место за исплата.

Ако платата се исплаќа преку банка на сметката на работникот или на друг безготовински начин, платата мора да му биде на располагање на работникот на определениот ден за исплаќање, освен ако страните поинаку не се договориле.

Работодавачот е должен да му издаде на работникот при секое исплаќање на платата како и **до 31 јануари на новата календарска година,** писмена пресметка на платата, придонесите од плата и надоместоците на платата за платниот

период, односно за изминатата година од кои, исто така, се гледаат и пресметката и плаќањето на даноците и придонесите.

**Трошоците во врска со исплатата на платата се на товар на работодавачот.**

## *2. ЗАДРЖУВАЊЕ И НАМАЛУВАЊЕ НА ПЛАТАТА НА РАБОТНИКОТ*

### *2.1. Ограничување на извршувањето*

Согласно член 111 од ЗРО, работодавачот може да го задржи исплаќањето на платата, само во законски определените случаи.

Сите одредби на Договорот за вработување, кои определуваат други начини на задржување на исплатата, **се ништовни.**

**Работодавачот не смее своите побарувања кон работникот**, без негова писмена согласност, **да ги порамни со својата обврска за исплата на платата**, а работникот пак не смее да даде согласност, пред настанувањето на побарувањето на работодавачот.

Ограничувањето на висината на износот кој може да се задржи од плата е регулирано во Законот за извршување, каде во член 117 е утврдено дека задршката на плата може да се спроведе **до износ на 1/2 од платата на работникот за побарување врз основа на :**

- **Законска издршка;**
- **Надоместок на штета поради нарушување на здравјето и намалување или губење на работната способност.**

За побарувањата по сите други основи задршката на плата може да се спроведе **до износ од 1/3 од платата на работникот.**

Ова ограничување постои како заштита на егзистенција на работникот- должник.

Оваа Одредба се применува и врз примањата на лица во резервниот состав на армијата и полицијата.

***НАПОМЕНА: На овој начин со задршка на 1/2 односно 1/3 од платата, долгот се враќа на рати, а егзистенцијата на работникот не е нарушена.***

### *3. ВИДОВИ НА ЗАДРШКИ ОД ПЛАТА*

Задршката на исплаќање на платат е механизам утврден со Законот за Работни односи со кој на работникот не му се исплатува износот на неговата ефективна нето плата во целост, во точно определени случаи.

Најчесто задржување од платата на работникот, се врши по основ на:

1. **Задршка на плата преку Пребивање;**
2. **Задршка на плата преку Парична казна;**
3. **Задршка на плата преку Налог за извршување;**
4. **Задршка на плата преку Административна забрана;**

#### *3.1. Задршка на плата преку пребивање - порамнување*

Во случаи кога работникот не го плати износот што му го должи на работодавачот по разни основи, работодавачот со согласност од работникот, може да ја надомести штетата преку задршки од платата ***(одеднаш или на неколку рати, ако се работи за поголем износ)***, да изврши задршка на примениот аванс ***(ако така е определено со акт на работодавачот)*** или задршка на дадениот заем или друго побарување ***(ако е тоа утврдено во договорот за заем)***, со цел да не се води евентуална судска постапка за надоместување на штетата, која ќе ги зголеми трошоците на работникот.

##### *3.1.1. Задржување на платата на работникот за надомест на штета, предизвикана на работодавачот*

Согласно член 156 од ЗРО, работникот ***кој на работа или во врска со работата*** намерно или од тешка небрежност му предизвика штета на работодавачот е должен да ја надомести.

За утврдување на одговорноста на работникот, потребно е утврдување на висината од страна на работникот за предизвиканата штета.

Работникот може да биде ослободен од одговорноста, само ако се работи за обично невнимание, односно невнимание од особено грижлив и внимателен човек.

Ако повеќе работници предизвикаат штета, секој меѓу нив е одговорен за оној дел на штетата што ја предизвикал.

Ако за секој работник не е можно да се утврди колкав дел од штетата предизвикал***, сите работници се еднакво одговорни и ја надоместуваат штетата во еднакви делови.***

Ако повеќе работници предизвикале штета со намерно казниво дејствие, за штетата се солидарно одговорни.

***Солидарна одговорност*** значи право на работодавачот да бара надоместување на целокупната штета од било кој работник, независно од степенот на неговото учество во нејзиното предизвикување.

Со надоместување на штетата од еден работник како должник се гаси облигацијата, но останува правото на должникот што ја исполнил обврската да бара од другите работници (должници), надомест на делот од неговата обврска.

### *3.1.2. Задржување на платата на работникот за надомест на штета, предизвикана на трети лица*

Согласно член 156 став, 5 од ЗРО, ако работникот на работа или во врска со работата намерно или од крајно невнимание, предизвика штета на трето лице, работодавачот е должен на тоа лице да му ја надомести штетата, а работникот е должен да ја надомести штетата на работодавачот (***која работодавачот ја надоместил на трето лице)***, ако штетата ја предизвикал намерно или од крајно невнимание.

Одговорноста на работодавачот за штетата што ја предизвикал работникот спрема трети лица е регулирана согласно член 157 од Законот за Облигациони односи.

Согласно оваа одредба, работодавачот не е одговорен за штетата што работникот ќе му ја предизвика на трето лице, ако докаже дека работникот во дадените околности постапувал не како што требало (спротивно на правилата).

Во ваков случај се утврдува дали работникот постапувал според правилата на професијата, не само на работодавачот, туку и општите норми засновани на теоријата, искуството и други нормативи од соодветна област.

Доколку штетата ја сторил намерно или од крајно невнимание, работодавачот има право да бара работникот да му го надомести платениот износ, ***во рок од шест месеци*** *од* денот на исплатениот надомест.

Во овој случај се цени степенот на вината на работникот, односно постоењето свест на работникот за настанување на штетните последици и непреземањето на дејствија за нивно отстранување, што значи се согласил со нивното настанување.

Ако утврдувањето на висината на штетата би предизвикало несразмерни трошоци, ***обештетувањето може да се определи во паушален износ,*** ако случаите на штетните дејствија на работникот и висината на паушалното обештетување се определени со Колективен Договор.

Со Колективен договор за работникот, можат да се определат начинот и условите за намалување или простување од плаќањето на обештетувањето.

Ако на работникот му е предизвикана штета при работа или во врска со работата, работодавачот е должен да му ја надомести штетата, според општите правила на одговорност за надоместок на штетата.

Одговорноста за обештетување на работодавачот се однесува, исто така, и на штетата која работодавачот ја предизвикал со кршењето на правата на работникот,од работниот однос.

Со задршка на износ ***во висина на 1/3 од платата*** на работникот- должник, штетата се надоместува на рати секој месец, се до конечно надоместување на штетата од плата.

**Работниците, секој поединечно дава изјава за согласност да се изврши задршка на 1/3 од плата, за да ја надоместат штетата.**

Врз основа на член 111 и член 156 од Законот за работните односи ("Службен весник на РМ", 62/05...27/16; 120/18), Управителот на Друштвото за ________________________ ДОО/ ДООЕЛ Скопје на ден _____________ 2019 година, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за надомест на штета**

Се утврдува штета предизвикана со тешка небрежност при работењето од страна на работниците, вработени во Друштво за _______________________ ДОО/ДООЕЛ Скопје, во **висина од 185.000,00 денари.**

**Се задолжуваат работниците:**

1. ___________од______, со живеалиште на ул.___________,
   со ЕМБГ_____________________;

2. ___________од______, со живеалиште на ул,___________,
   со ЕМБГ_____________________;

3. ___________од______, со живеалиште на ул,___________,
   со ЕМБГ_____________________;

4. ___________од______, со живеалиште на ул,___________,
   со ЕМБГ_______________________.

да му ја надоместат предизвиканата штета на работодавачот и тоа секој работник одделно **во износ од 46.250,00**.

Штетата ќе се надомести на начин што работодавачот своето побарување од предизвиканата штета кон работниците ќе го пребие со својата обврска за исплата на плата, односно **со задржување на износ од 1/3 од платата на работникот пооделно до конечната исплата на штетата.**

**Образложение:**

Согласно одредбите од член и 156 од Законот за работни односи, работниците:

________________________________ од ______________________,______________________________ од __________________________________________________________ од _____________________ и ________________________________ од _____________________,

со тешка небрежност при работењето му предизвикаа штета на работодавачот **во висина од 185.000,00 денари.**

***(да се опише повредата и настанот како настанала;***
***(тетата и што пропуштиле работниците да направат***
***пред да настанала штетата).***

Во Друштвото за робата се задолжени гореспоменатите работници, па од причини што не може да се утврди кој од работниците ја предизвикал штетата, работодавачот одлучи штетата да ја надоместат сите работници на еднакви делови по **46.250,00 денари секој од нив.**

Поради наведените причини, работодавачот одлучи како во диспозитивот на ова решение.

***ПРАВНА ПОУКА:Против ова решение работникот има право на приговор до управителот на друштвото, во рок од 8 дена од денот на приемот на истото.***

Скопје 05.05.2019 година

Управител

______________________

**Доставено до:**
- Работникот
- Архива
- Сметководство

**ИЗЈАВА-СОГЛАСНОСТ**

Јас, ____________ со адреса на ул. ________бр. Со ЕМБГ________, вработен во Друштвото за ________ ДОО Скопје, под полна морална одговорност, ИЗЈАВУВАМ дека сум согласен/на работодавачот да изврши порамнување на штетата во висина од ___________ што му ја предизвикав, утврдена со Решение бр. _____ од 05.05.2019 година, и неговата обврска за исплата на палта.

Согласен сум износот од ___________ денари што **претставува 1/3 од мојата плата** да биде задржан почнувајќи со исплатата на плата за месец мај 2019 година, па се до конечното намирување на штетата **во висина на 46.250,00 денари.**

**Работник**

_________________

### *3.2. Задршка на плата преку парична казна*

Согласно член 84 од ЗРО, во зависност од степенот на одговорноста на работникот, условите под кои е направена повредата на работните обврски и на работниот ред и дисциплина, поранешната работа и однесување на работникот, тежината на повредата и нејзините последици, работодавачот може на работникот **да му изрече парична казна, која не може да биде поголема од 15% од последната исплатена месечна нето плата на работникот, во траење од еден до шест месеца.**

Работодавачот е должен да го наведе основот за доделување на парична казна на работникот и да ја докаже основаноста на причината која ја оправдува паричната казна, со донесување **на Одлука за изрекување напарична казна**, која задолжително се дава во писмена форма, со образложе-ние на основот и причината за изрекување на паричната казна со Правна поука и Приговор.

Одлуката за изрекување на парична казна може да се спроведе по нејзина правосилност (***истекот на рокот за приговор, ако не е поднесен приговор или донесување на второ степена Одлука, со која се потврдува Одлуката за изрекување на парична казна).***

***НАПОМЕНА:* Изречената казна се задржува од платата на работникот, односно неговата плата се намалува за процентот кој е наведен во Одлуката, онолку месеци колку што таа е изречена, за што не е потребна согласност од работникот.**

### *3.3. Задршка на платата преку (Налог за извршување)*

Согласно член 128 од Законот за извршување, наведени се посебни одредби за извршување врз плата, во ситуации кога работникот по други основи се јавува како должник на физички и правни лица.

Како други основи каде работникот се јавува како должник се сметаат долгови на работникот за неплатени сметки, должничко-доверителски односи кои имале правна завршница, а потоа и извршување преку извршител.

***НАПОМЕНА:* Задршката на плата во овие случаи неможе да биде поголема од 1/3 од ефективната плата на работникот.**

Извршителот со налогот за извршување врз плата, определува забрана на определен дел од платата и му наложува на работодавачот кој на работникот- должник му ја исплатува платата, паричниот износ за кој е наложено извршувањето да му го исплати на сметка на извршителот.

Работодавачот е должен да постапи по налогот за извршување и да започне со пренос на средствата со исплатата на наредната неисплатена плата на работникот онака како што е определено во налогот за извршување.

**На работникот може да му се задржува најмногу до 1/2 од платата за:**

- **Законска издршка,**
- **На доместок на штета поради нарушување на здрављето и намалување или губење на работната способност.**

Ако во текот на спроведување на извршувањето на работникот му се намали/зголеми платата, извршувањето ќе се спроведува врз новиот износ на платата ***(задршката од 1/3 односно ½, ќе се пресметува од новиот износ на платата).***

### *3.3.1. Обврски на работодавачот*

Законот за извршување во членовите 131 до 134, го предвидува начинот на спроведување на налогот за извршување врз плата:

1. Кога има повеќе налози за извршување;
2. Кога има промени во статусот на вработувањето на работникот (*работникот преминува кај друг работодавач*).

**1) Кога кај работодавачот ќе пристигне нов налог за извршување**, а работодавачот веќе спроведува претходен налог за извршување, работодавачот е должен да го извести извршителот дека не може веднаш да постапува по вториот налог на извршителот, за тоа што на истиот работник веќе врши задршка од плата по друг налог за извршување.

Пристигнатите налози за извршување се спроведуваат по оној редослед по кој пристигнале кај работодавачот.

Ако во ист ден пристигнат повеќе налози за извршување, тие се спроведуваат според времето на приемот.

Кога кај работодавачот ќе пристигне **пресуда за за конска издршка** и ако право на законска издршка спрема ист должник имаат **повеќе лица**, а вкупниот износ на нивните побарувања го надминува делот од платата кој може да биде предмет на извршување и **кој изнесува 1/2 од платата на работникот,** извршувањето се спроведува во корист на секој примател на законската издршка сразмерно на висината на нивните побарувања.

Ова значи дека работодавачот ќе продолжи со запирање на плата од првиот налог и ќе за почне со запирање на плата од новиот налог, а износите ќе бидат сразмерни за двата налога и нивниот збир не може да ја надмине висината на **1/2 од платата на работникот**.

Кога работодавачот веќе спроведува налог за извршување по други основи и пристигне налог за извршување по основ на законска издршка, работодавачот е должен во за висност од висината на издршката да го прекине извршувањето на првиот налог и да започне со спроведување на налогот за законска издршка, за тоа што овој налог има првенство во спроведување.

Ако износот на законската издршка **е помал од 1/3 од платата на работникот,** прво се задржува тој износ, а со остатокот на износот **до висина од 1/3 од платата** се спроведува првиот налог за извршување.

**Работодавачот и во двата случаи е должен да го извести извршителот:**

- **За запирање на извршувањето, или**
- **За продолжување на извршувањето во помал износ од претходниот.**

Во пракса во налогот за извршување или во пресудата за законска издршка веќе се наведени процентите или износите по кои работодавачот треба да постапи.

**2) Во текот на спроведувањето на извршувањето**, ако на работникот-должник му **престане работниот однос** по било кој основ работодавачот има обврска за ваквата промена на статусот на работникот да го извести извршителот без одлагање.

Ако работникот преминал од еден кај друг работодавач, првиот работодавачот е должен без одлагање со препорачана пратка да го достави налогот за извршување до работодавачот кај ко го должникот засновал работен однос и за тоа да го извести извршителот.

**Налогот за извршување има дејство спрема вториот работодавач од денот на доставување на истиот.**

### *3.3.2. Одговорност за пропуштено запирање и исплата на пристигнати рати*

Работодавачот е должен редовно да го спроведува налогот за извршување, односно утврдениот износ на задршка на плата од налогот за извршување да го уплаќа на сметката на извршителот.

***Ако работодавачот не го спроведува редовно налогот за извршување, извршителот има можност од сметката на работодавачот да го префрли на своја посебна сметка, паричниот износ во висината на сите пропуштени рати.***

Ако заради неспроведувањето на налогот за извршување делумно или целосно доверителот претрпи штета, работодавачот е одговорен за таквата штета.

### *3.4. Задршка на плата преку Административна забрана*

Согласно Законот за извршување, забраната ставена на платата на должникот по негова согласност (***административна забрана***) има правно дејство на налог за извршување врз плата.

Административна забрана од плата служи како обезбедување или отплата на рати, кога работникот-должник подига кредит од Банка.

При подигање на кредит работникот-должник дава согласност дека работодавачот месечно ќе му задржува од реден износ на средства, ***кој не може да биде поголем од 1/3 една третина од неговата плата***, и истите ќе ги префрла во Банката во која работникот-должник подигнал кредит.

Сите правила и обврски што се однесуваат за спроведување на налогот за извршување се однесуваат и на административната забрана особено кога кај работодавачот ќе пристигнат повеќе административни забрани.

**За било кој вид на задршка на плата работодавачот мора да има соодветен документ, како што се:**

- **Решение за надомест на штета и Изјава од работникот;**
- **Решение за парична казна на работникот;**
- **Правосилно извршно решение;**
- **Изјава за Административна забрана.**

## *4. ПРЕСМЕТКА НА ПЛАТА НА РАБОТНИК СО ИЗРЕЧЕНА ПАРИЧНА КАЗНА*

**ПРИМЕР:** Управителот на Трговското друштво “ Хит “ има донесено Одлука за парична казна на работникот “НН” при исплата на плата за месец ***АПРИЛ 2019 година***, во висина од 4.455,00 денари (**10%** од Бруто платата која изнесува 44.546,00 денари).

**Пресметка:**

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **44.546,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,40%) | 8.196,00 |
| 3. Придонес за задолжително здравствено осигурување (1 x 7,4%) | 3.296,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 535,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 223,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **12.250,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 32.296,00 |
| 8. Даночно намалување за 2019 година | 8.000,00 |
| 9. Даночна основа за пресметка на данок на личен. доход со 10% (основа до 90.000 денари (7 – 8 ) | 24.296,00 |
| **10. Данок на личен од 10% (10 x 10%)** | **2.430,00** |
| 11. Даночна основа за пресметка на данок на личен. со **18%** (Основа над 90.000 денари) (9-10) | 00 |
| **12. Данок на личен доход од 18% (12 x 18%)** | **00** |
| **13. Вкупно данок на личен доход** | **2.430,00** |
| **14. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 14)** | **29.866,00** |
| 15. Парична казна (29.866 x 15%) | 4.480,00 |
| **16. Ефективна НЕТО плата по задршка (14 – 15)** | **25.386,00** |

### *4.1. Насоки за задршки од плата во МПИН - пресметката*

Во насока на обезбедување на правата на работниците согласно одредбите од Законот за работни односи, Управата за јавни приходи ја зајакна контрола на нето платата за исплата на работникот (ефективно нето) во МПИН-пресметките.

Имено, работникот има право на заработувачка – плата, во парична форма, согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување.

При исплатата, работодавачот мора да го почитува најнискиот износ определен со колективен договор, во согласност со закон, кој непосредно го обврзува работодавачот.

Работодавачот може да го задржи исплаќањето на платата само во законски определените случаи.

Со Законот за извршување е уредено дека извршувањето кое може да се спроведе врз плата и пензија, како и врз надоместок наместо плата, за побарување врз основа на зако-

нска издршка, надоместок на штета настаната поради нарушување на здравјето или намалување, односно губење на работната способност и надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давачот на издршката, **може да се спроведе до износот 1/2 (една половина), а за побарувања по друга основа - до износот од 1/3 (една третина) на платата или пензијата.**

Врз основа на наведеното, во МПИН пресметките воведена е нова контролна мерка за ефективната нето плата за исплата по вработен: **(поле 3.31 од клиентски софтвер);**

Доколку работодавачот за одреден вработен внесе нето плата за исплата помала во однос на законски предвидените ограничувања, **се генерира предупредување (917) – Ефективната нето плата е помала од нето основицата.**

За да се корегира ова предупредување, потребно е пресметката на нето платата да се усогласува постојано, согласно законските одредби, **за задржување на нето платата по разни основи.**

Управата за јавни приходи ги информира работодавачите дека непочитувањето на законски пропишаниот максимален износ за задршка од плата се третира како ризик и ризичните работодавачи ќе бидат контролирани согласно законите.

**ПОПОЛНУВАЊЕ НА МПИН ПРИЈАВАТА**:

| 1. **Поле – 3.0 до поле 3.4** | | **Податоци за осигуреник** |
|---|---|---|
| 2. Поле – 3.5 | Траење на стаж во денови | 30 |
| 3. Поле – 3.6 | Ефективна работа - часови | 176 |
| **4. Поле – 3.7** | **Износ на ефективна работа** | **44.546** |
| 5. Поле – 3.14 | Основица за придонеси | 44.546 |
| 6. Поле – 3.15 | Придонес за ПИОМ | 8.196 |
| 7. Поле – 3.42 | Придонес за здравство | 3.296 |
| 8. Поле – 3.42 | Придонес за допол.здравство | 223 |
| 9. Поле - 3.44 | Придонес за вработување | 535 |
| 10. Поле - 3.46 | Данок на личен доход | 2.430 |
| **11. Поле - 3.16** | **Шифра за вид на сигурување** | **0050** |

| | | |
|---|---|---|
| 12. Поле - 3.30 | Број на пријава/одјава задолж.соц. осигурување | |
| 13.Поле - 3.13 | Нето плата | 29.866 |
| **14.Поле - 3.31** | **Нето плата по задршка** | **25.386** |
| 15.Поле - 3.32 | Број на трансакциска сметка | / |

**Книжење:**

1457 - Останати неспомнати побарувања од
вработени за изречена парична казна 4.480,00
7694 - Останати неспомнати приходи од
наплатени парични казни
од вработени 4.480,00
***(по Одлука за утврдена парична казна);***

420 - Вкалкулирани плати 44.546,00
240 - Обврски за плата 44.546,00
***(за пресметка на плата);***

240 - Обврски за плата 44.546,00
2430 - Нето плата 29.566,00
2340 – Данок на личен доход 2.430,00
2343 - Придонес за ПИО 8.196,00
2344 - Придонес за здравств. осигурување 3.296,00
23441 - Дополнителен придонес за
здравствено сигурување 223,00
2345 - Придонес за вработување 535,00
***(за пресметка на даноци и придонеси);***

2430 - Нето плата 29.866,00
2340 – Данок на личен доход 2.430,00
2343 - Придонес за ПИО 8.196,00
2344 - Придонес за здравствено осигурув. 3.296,00
23441 – Доп. прид. за здр. осигурување 223,00
2345 - Придонес за вработување 535,00
1000 - Жиро сметка 40.066,00
1457 – Останати неспомнати побарувања
од вработените за изречена
парична казна 4.480,00
***(за исплатена плата, и задршка од плата).***

### *4.2. Донесување на Одлука за користење на задршки од плата*

Изречената парична казна да се задржи од платата на работникот по правосилноста на донесената Одлука и истата да се евидентира како приход на друштвото.

**ОДЛУКА**
**за изрекување на парична казна поради кршење на работниот ред и дисциплина**

Работникот „НН", вработен на работно место Шеф на продажно оделдение, подолг период неоправдано доцни на работно место, со што го прекрши работниот ред и дисциплина, не ги почитува работниот ред и дисциплина според правилата пропишани од страна на работодавачот, поради што му се изрекува парична казна, во **висина од 15% од неговата последна исплатена нето плата, во траење од три месеци.**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Работникот „НН" во последните три месеци, повеке пати доцни на работа, без да го оправда своето задоцнување.

Истиот, усно беше опоменуван повеке пати, но и покрај опомените, доцнењето не работникот продолжува трет месец по ред.

**Место, датум** **Управител**

__________________ ______________________

***Правна поука**: Работникот има право на Приговор во рок од 8 дена од приемот на Одлуката, до надлежниот орган на друштвото. Поднесениот приговор го одлага извршува-њето на Одлуката.*

# *ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

*дипл. економист: Јулија Минковска*

## ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА

*Практикантска работа е ограничен период поминат на пракса на практикант кај работодавач. Правото за извршување на практиканска работа е регулирано согласно Законот за практиканство (“Службен весник на РМ” 98/18) и други подзаконски акти.*

### *ВОВЕД*

Со Закон за практиканство, (“Службен весник на РМ” 98/2019), ***(во продолжение Законот),*** се овозможува непречено стекнување на практично искуство на невработените лица, зголемување на нивните вештини и полесно вклучување на пазарот на трудот и создавање на можности и услови на работодавачот за вработување на лица со практично искуство кои имаат одредени вештини и знаења за одредени работи и работни задачи.

Со Законот се уредува постапката, начинот и условите за остварување на практикантството, правата и обврските на практикантот и на работодавачот кај кој се реализира практикантската работа, како и договорот за практикантска работа.

### *1. ПОИМ ЗА ПРАКТИКАНСТВО*

**Практикантство** е работна активност којашто вклучува компонента на работа преку учење и здобивање на практични работни вештини, која се реализира во ограничен временски период, со цел стекнување на практично и професионално искуство, за да се подобри вработливоста и да се помогне преодот кон редовно вработување.

Под практикантството **не се подразбира**:

- ✓ **Вршење на приправнички стаж,**
- ✓ **Волонтерски стаж и Пробна работа, согласно Законот за работните односи, како и**
- ✓ **Обука, преквалификација и доквалификација, согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.**

## *2. УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРАКТИКАНСКАТА РАБОТА*

Согласно Член 3 од Законот, практикантот треба да ги исполнува следните услови:

- **Да не е во работен однос;**
- **Да не е постар од 34 години и**
- **Да има завршено НАЈМАЛКУ ОСНОВНО образование.**

### *2.1. Ангажирање на лица како практиканти*

**Практикант** е физичко лице кое обавува работна пракса кај работодавачот, со цел да се стекне со практични знаења и вештини, што ќе му помогнат да ја подобри вработливоста на пазарот на трудот.

Практикант согласно Законот, може да биде секое физичко лице државјанин на Република Македонија кое ги исполнува условите утврдени со Законот.

Практиканти може да ангажира **работодавач** кој вработува работници врз основа на Договор за вработување и тоа:

- Правно и физичко лице, како и
- Друг субјект
-
    - **Орган на државна власт,**
    - **Орган на единица на локалната самоуправа,**
    - **Подружница на странско друштво,**
    - **Дипломатско и конзуларно претставништво), кој вработува работници врз основа на договор за вработување;**

### *2.2. Обезбедување на потребата од практикантикант*

**Согласно член 4 од Законот,** потребата од практикант, работодавачот ја обезбедува:

- **По пат на јавен оглас**, објавен на својата интернет страница и/или на интеренет страницата на Агенцијата за вработување на РМ – АВРМ;
- **Друг јавен медиум** којшто содржи информации за условите за практиканската работа.

Со примената на овој закон **се забранува** секоја дискриминација врз основа на: *раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна сос-тојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

**Заштитата од дискриминација се обезбедува согласно со Законот за спречување и заштита од дискриминација.**

### *2.3. Времетраење на практикантската работа*

Согласно член 6 од Законот, Минимален период на траење на практикантска работа кај еден работодвач ***е еден (1) месец, а Максималниот период шест месеци.***

Едно лице, **може да обавува** практикантска работа кај ист работодавач, **само еднаш**.

Договорот за практиканство може да се склучи **за полно работно време или за пократок период од полното работно време.**

### *2.4. Бројот на практиканти*

Согласно член 7 од Законот, максималниот број на практиканти, кои можат да реализираат практикантска работа кај еден работодавач во исто време, се определува според бројот на вработени на неопределено време на денот на пријавување на практикантот, кај работодавачот и тоа:

во претходните три месеци пред ангажирање на практикантот кај работодавачот и тоа:

- **од 1 до 5 вработени – 1 практикант;**
- **од 6 до 10 вработени – до 2 практиканта;**
- **од 11 до 50 вработени – до 4 практиканти;**
- **од 51 до 150 вработени – до 8 практиканти;**
- **од 151 до 250 вработени – до 15 практиканти;**
- **од 251 до 500 вработени – до 30 практиканти; и**
- **над 500 вработени – до 50 практиканти.**

Бројот на ангажирани практиканти од страна на еден работодавач во кој било момент ***не смее да го надмине максималниот број кој е определен врз основа на бројот на вработени на неопределено време*** кај работодавачот.

Агенцијата за вработување на Република Македонија еднаш месечно доставува податоци до Државниот инспекторат за труд за работодавачите кои имаат пријавено практиканти.

### *2.5. Надоместок за практиканска работа*

Согласно член 8 од Законот, практикантот за време на практиканската работа кај работодавачот **има право на** ***МЕСЕЧЕН надоместок, кој се исплаќа од страна на работодавачот.***

Висината на месечниот надоместок **се утврдува во НЕТО ИЗНОС за полно работно време** во зависност од времетраењето на периодот на практикантската работа и тоа:

- **од 42% до 74% од МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА, *за практикантската работа до* ТРИ месеци; и**
- **Во висина на МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА утврдена согласно со закон, за практикантската работа над ТРИ месец**, сметано од четвртиот месец.

Доколку практикантската работа, согласно Договорот за практиканска работа, се реализира **во период пократок од полното работно време,** надоместокот за практиканска работа ќе се пресметува **пропорционално** на времетраењето на практикантската работа.

Во случај на отсуство од работа по било кој основ, освен:

- ✓ **Одмор за време на работа и**
- ✓ **Празници утврдени со закон,** надоместоокот ќе се исплаќа пропорционално на времето поминато на практиканска работа а работодавачот е должен да го исплати најдоцна ***до до 15-ти во тековниот месец за претходниот месец.***

## *3. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРАКТИКАНТОТ И РАБОТОДАВАЧОТ*

### *3.1 Права на практикантот*

Согласно член 9 од Законот, практикантот пред започнување на практиканската работа треба да се информира за правата за време на вршењето на практикантската работа и тоа:

- **Во писмена форма да го добие описот на целите, задачите и процесот на практикантството, пред да го склучи Договорот за практиканска работа;**
- **Да биде запознаен со условите за работа и опасностите поврзани со работата за време на практикантството, пред започнување на истото;**
- **Да биде запознаен со општите акти на работодавачот;**
- **На дневен и неделен одмор исто како вработените кај работодавачот, согласно општите прописи за работни односи;**
- **На платен одмор - во траење од два работни дена месечно, доколку работи со полно работно време или еден работен ден месечно, доколку работи со нецелосно работно време;**
- **На надоместок за практиканска работа;**
- **Надоместок на трошоци за службени патувања и други надоместоци кои настанале за потребите на вршење на практиканската работа.**

### *3.2. Обврски на практикантот*

Согласно член 10 од Законот, практикантот за време на практикантската работа е должен да:

- **Потпише договор за практиканска работа со работодавачот, пред започнувањето со практикантската работа;**
- **Работи во согласност со Закон, Договорот за практиканска работа и општите акти на работодавачот со кои претходно е запознаен;**
- **Учествува во обуката и посветено да работи на доверените задачи;**
- **Користи средства за заштита при работа, согласно со прописите за безбедност и здравје при работа,**
- **Го извести работодавачот за болест или други причини за привремена или трајна спреченост за вршење на практиктикантската работа;**
- **Ги чува доверливите податоци, односно класифицираните информации на работодавачот, со кои е запознаен во текот на практикантската работа;**
- **Го извести работодавачот за штетни последици за кои е запознаен дека можат да настанат за него, за трети лица или за работодавачот.**

Практикантот кој, за време на вршење на практикантската работа, намерно или поради крајно невнимание, го оштети имотот на работодавачот е должен да му ја надомести шт-етата на работодавачот, **во согласност со одредбите на Зак-онот за облигациони односи.**

Доколку практикантот претходно го известил работодавачот за штетни последици, **истиот нема да има одговорност за направената штета.**

### *3.3. Обврски на работодавачот*

Согласно член 11 од Законот, работодавачот е должен:

- **Да го објави јавниот оглас за практиканска работа на на својата интернет страница и/или на интернет страницата на АВРМ или друг јавен медиум;**
- **Да ги утврди очекуваните цели за ангажирање на практикантот, задачите и процесот на практикантската работа, кои треба да бидат јавно достапни на заинтересираните кандидати во огласот за практикантска работа;**

- Да потпише договор за практиканство со избраниот кандидат;
- Да изврши пријава на практикантот, најмалку еден ден, пред започнување на вршење на практикантската работа и одјава во рок од осум дена по завршување на практикантската работа, односно по престанокот на договорот за практикантска работа, во Агенцијата за вработување на Република Македонија;
- Да обезбеди одговорно лице – Ментор за континуиран надзор на практикантот, кој ќе ја организира практиканската работа, ќе го следи напредокот на практикантот и ќе осигура остварување на целите за учење и пракикантство;
- Да обезбеди надзор над работата на практикантот од страна на менторот и да не дозволи самостојно работење на практикантот;
- Да обезбеди оптимални услови за работа и материјали и средства за извршување на практикантската работа;
- Да му издаде на практикантот потврда за стекнатите знаења, вештини и компетенции, како и опис на практиканската работа и нејзиното времетраење, во рок од осум работни дена од завршување на практикантската работа;
- Редовно да му го исплаќа надоместокот утврден во договорот за практиканство;
- Да плати Данок на личен доход на исплатениот износ на надоместокот;
- Да обезбеди средства за заштита при работа, доколку за работното место на кое се врши прак-тиканската работа е пропишано да се користат;
- Да обезбеди тајност на личните податоците и заштита на приватноста на практикантот;
- Да плати придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест и дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување.

Работодавачот **не може на практикантот да му наплаќа** трошоци за обука, трошоци за превоз, работни материјали и слични работи поврзани со вршењето на пракантската работа.

Работодавачот **не може да му наложи на практикантот** да работи задачи кои не се опишани во договорот за практикантска работа

## *4. ДОГОВОР ЗА ПРАКТИКАНСТВО*

Согласно член 12 од Законот, односите, правата и обврските помеѓу практикантот и работодавачот се регулираат со Договор за практиканска работа.

Работодавачот е должен да го склучи Договорот за практиканска работа со практикантот во писмена форма, кој треба да биде потпишан од двете страни, пред започнувањето на практикантската работа.

Договорот за практиканска работа за лице помладо од 18 години го потпишуваат практикантот, неговиот родител/старател и работодавачот;

Договорот за практикантска работа може да биде потпишан на полно работно време или неполно работно време, согласно со потребите и волјата на договорните страни.

Договор за практикантска работа не може да се склучи за вршење на работи и задачи за конкретно постојно работно место, за кое може да се склучи договор за вработување, односно практикантот не може да обавува редовни работни обврски.

Договорот за практиканска работа **не може да се склучи со лице кое претходно било вработено кај ист работодавач или друг работодавач** за работно место со исти или слични работни задачи како практиканска работа и работниот однос да траел **не помалку од три месеци.**

Со склучување на Договорот за практиканска работа, практикантот не ги губи правата по основ на невработеност, согласно со прописите од областа на вработувањето и осигурување во случај на невработеност и правата пропишани по основ на социјална заштита, утврдени согласно со прописите на социјалната заштита.

### *4.1. Содржина на договорот за практикантска работа*

Согласно член 13 од Законот, Договорот за практикантска работа ги содржи следните елементи:

1. **Договорени страни:**
   - ✓ **ПРАКТИКАНТОТ (***име и презиме, единствен матичен број на граѓанинот, датум на раѓање, адреса на живеалиште, односно на престојувалиште, телефон, електронска адреса, вид и степен на образование) и;*
   - ✓ **РАБОТОДАВАЧ** (*полн и скратен назив, ЕМБС, година на основање, име и презиме на овластено лице, адреса на правното лице, основна дејност, број на вработени).*
2. **Датум и место** на склучување на договорот.
3. **Почетен и краен датум** на практикантската работа.
4. **Опис на целите и процесот** на здобивање на практични знаења и вештини на практикантот.
5. **Предмет на практикантството** - опис на работните задачи на кои ќе работи практикантот;
6. **Опис на местото на работа**, условите за работа и можните опасности за практикантот.
7. **Висина на месечниот надоместок** за практиканската работа кој ќе му биде исплаќан на практикантот во нето износ .
8. **Распоред на дневно и неделно работно време** и број на работни часови.
9. **Обврска за чување** на деловна тајна од страна на практикантот, и
10. **Обврска на работодавачот** за издавање на **ПОТВРДА** за стекнати знаења, вештини и компетенции на практикантот, како и опис на практиканската работа и нејзино времетраење.

#### 4.1.1. Потврда за стекнати знаења вештини и компетенции на практикантот

Согласно член 13 став 2 од Законот, донесен е Пра-вилникот за формата и содржината на **ПОТВРДАТА** за стекна-ти знаења, вештини и компетенции на практикантот, описот на практиканската работа и времетаењето на практиканската работа, објавен во ("Службен весник на РМ" 127/19; 136/19), која Потврда е дадена во прилог од текстот.

Прилог

## ПОТВРДА

за стекнати знаења, вештини и компетенции на практикант, опис на практикантската работа и времетраење на практикантската работа

| Реден бр. | Содржина на потврдата | Податоци |
|---|---|---|
| 1. | **Податоци за практикантот** | |
| | Име и презиме | |
| | Адреса на живеење | |
| | Степен на образование | |
| | Единствен матичен број | |
| 2. | **Податоци за работодавачот** | |
| | Назив | |
| | Адреса/Седиште | |
| | Основна дејност | |
| 3. | Датум на почеток на практикантската работа | |
| 4 | Датум на престанок на практикантската работа | |
| 5 | Краток опис на практикантската работа (работните задачи на кои работел практикантот) | |
| 6. | Краток опис на стекнати знаења и вештини (теоретски и практични знаења, стекнати логични, креативни и практични вештини ) | |
| 7. | Краток опис на стекнати компетенции (учење и развој, комуникации, работа со други/тимска работа) | |

------------------------------ ------------------------------------------------

Ден, месец и година — Име, презиме и потпис на одговорното лице

### *4.2. Престанок на договорот за практиканска работа*

Согласно член 14 од Законот, **Договорот за практикантство престанува:**

- Со истекот на рокот за кој е склучен договорот;
- Со спогодбено раскинување;
- При намалување на бројот на вработени лица на неопределено време кај работодавачот за време на ангажирани практиканти, доколку не го надополни бројот на вработени **во рок од 15 дена од денот на намалување на бројот на вработени**, освен во случаите на смрт или пензионирање на вработеното лице или
- Со вработување на практикантот.

Практикантот може да го раскине договорот пред да истече времето за кое е склучен, со писмена изјава **без обврска за наведување на причината за раскинување** на договорот, освен во случај кога раскинувањето може да пре-дизвика штетни последици во работењето на работодавачот или на трети лица.

**Работодавачот може да го раскине договорот за практиканство**:

- *Со престанување на потребните услови за практикантска работа;*
- *Кога ќе констатира дека практикантот не ги исполнува договорените обврски или*
- *Со вработување на практикантот.*

Договорот за практикантска работа може да се раскине **во рок од најмалку пет дена** од доставување на писмената изјава за раскинување од едната договорна страна до другата договорна страна.

# *5. ПРЕСМЕТКА НА НАДОМЕСТ И ПРИДОНЕСИ ЗА ЛИЦАТА АНГАЖИРАНИ КАКО ПРАКТИКАНТИ*

## *5.1. Оданочување на надоместокот за практиканство*

Согласно член 15 точка 17 од Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/180), надоместокот кој се исплаќа на практикантот за практиканската работа претставува доход од работа.

Надоместокот за практикантска работа во висина **ДО 81.000 денари НЕТО износ** се оданочува со пресметковна стапка од 11,1111%, а **НАД 81.000 НЕТО износ** се оданочува со данок на личен доход **со пресметана стапка од 21,951%.**

Надоместокот за практиканска работа во висина **ДО 90.000 денари БРУТО износ** се оданочува по стапка од 10% а **над 90.000 денари** со стапка **од 18%.**

**ПРЕГЛЕД НА СТАПКИ ЗА НАДОМЕСТ НА ПРАКТИКАНСТВО**

| Основица за надомест за практиканска работа | Коефициент за претворање од нето во бруто | 10% | 15% | 18% |
|---|---|---|---|---|
| до 81.000 нето | 0,9 | 11,1111 | / | / |
| над 81.000 нето | 0,82 | / | / | 21,951% |
| До 90.000 бруто | / | 10% | / | / |
| Над 90.000 бруто | / | / | / | 18% |

## *5.2. Основица за пресметка на надоместокот за практиканство*

Согласно член 16 став 1 точка 14 од Законот за личен доход, основа за пресметување на данокот на доход од работа претставува:

- Износот на надоместокот за практиканска работа **намален** за придонесот врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или професионална болест и дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа.

Согласно член 80 од Законот, аконтацијата на данокот на доход за надоместокот за практиканска работа се плаќа по одбивка, односно исплатувачот на надоместокот **го пресметува, задржува и плаќа данокот на доход за секој практикант посебно.**

**НАПОМЕНА: Пред исплата работодавачот е должен до Управата за Јавни приходи да достави пресметка за бруто доходот, пресметаниот данок по одбивка и нето доходот, и да му издаде Примерок од пресметката за аконтацијата на данокот на доход при секоја исплата.**

Согласно член 8 точка 1-а и член 11 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08…247/18) лицето на практикантска работа **е обврзник за плаќање на:**

- **Придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест од 4% и**
- **Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување од 0,5%.**

**НАПОМЕНА: Обврската за пресметка и уплата на придонеси е на работодавачот кој ангажира практикант.**

Согласно член 14 став 1 точка 14 од Законот за придонеси, основица за пресметка на придонесите за практикантот е 50% од просечно исплатената месечна нето плата по работник во Републиката објавена во јануари во тековната година според ДЗС и за 2019 година изнесува:

**18.009,00 денари (36.017 x 50% =18.009)**

Стапката за пресметување на овој придонес изнесува **4% од основицата**. Според тоа придонесот за инвалидност и телесно оштетување, причинет со повреда изнесува:

**18.009 x 4% = 720,00 денари**

Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во висина **од 0,5% изнесува**:

**18.009 x 0,5% = 90 ,00 денари**

Придонесот се плаќа со пополнување на образецот МПИН при што обврзникот за пресметка и уплата на придонесот е должен податоците да ги достави до УЈП, најдоцна до 10-ти во тековниот месец за претходниот месец на следната уплатна сметка:

*843–(општина) 149 приходна 712113; подпрограма 00.*

Рокот за уплата на придонесот е денот на исплата на надоместокот, а доколку надоместокот не е исплатен, рокот на доспеаност за плаќање на придонесите е 15-ти во тековниот за претходниот месец.

Согласно член 22 од Законот за придонеси, работодавачот е должен на практикантот да му достави заверена писмена пресметка за пресметаните и уплатени придонеси најдоцна 15 дена од исплатата на надоместокот, како и збирен извештај по истекот на годината, најдоцна до 15 февруари наредната година.

### *5.3. Пресметка на надомест и придонес за лица ангажирани како волонтери*

Пример: Друштвото ДОРА ангажирало лице со Договор со практиканство за период **од 3 месеци** за полно работно време од 8 часа. Договорениот месечен нето надоместок **изнесува 74%** од Минималната нето плата утврдена со закон **во висина од 12.507,00 денари.**

**(12.507 x 74% = 9.255,00 )**

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| **1.Нето надомест** | **9.255,00** |
| 2. Данок на личен доход (9.255 x 11,1111%) | 1.028,00 |
| 3. Придонес за телесно оштетување 4% (18.009 x 4%) | 720,00 |
| 4. Дополнително здравствено осигурување 0,5% (18.009 x 0,5%) | 90,00 |

| | |
|---|---|
| 5. Вкупно придонеси (3 + 4) | 810,00 |
| **6. Вкупно надомест (9.255 + 1.028 + 810)** | **11.093,00** |

**Книжење:**

| | | |
|---|---|---|
| 449 - Останати трошоци на работењето надомест за практикант | 11.093,00 | |
| 235 - Обврски за данок на личен доход | | 1.028,00 |
| 2390 - Придонес за инвалидност | | 720,00 |
| 2391 - Дополнително здравствено осигурување | | 90,00 |
| 259 - Нето надомест за практикант | | 9.255,00 |

- ***(Месечна пресметка по договор за практикантство за м.Јуни)***.

## *6. ЕВИДЕНЦИЈА, НА ПРАКТИКАНСКА РАБОТА*

Согласно член 15 од Законот, работодавачот е должен да води евиденција на работните часови на практикантот, согласно со евиденцијата за работното време за вработените.

### *6.1. Евиденција на практикансската работа*

Согласно член 16 од Законот, донесен е Правилникот за формата и содржината на системот за евиденција, како и следењето и известувањето за практиканската работа, објавен во ("Службен весник на РМ" 127/19).

Евиденција се води електронски од страна на работодавачот и ги содржи следните елементи:

- ✓ **Податоци за практикантот** (*единствен матичен број на граѓанинот, презиме на практикантот, име на практикантот, вид и степен на завршено образование, степен за стручна подготовка, профил на завршено образование);*
- ✓ **Податоци за пријавата на практикантот** (*датум на пријава почеток на практикантската работа, работно место на кое се врши практикантската работа, работно време часови неделно, предвидено времетраење на пректикантската работа);*

- ✓ **Податоци за престанокот на практикантската работ**а (*датум на престанок на практикантската работа, основ на престанок на практикантската работа*) и
- ✓ **Висина на месечен надоместок** на практикантот.

**НАПОМЕНА: Следењето и известувањето за практикантската работа се врши врз основа на доставените податоци со пријавата и одјавата на практикантот во Агенцијата за вработување на Република Македонија.**

За прашањата кои ќе произлезат од практикантската работа, а кои не се уредени со овој закон, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

### *6.2. Надзор*

Согласно член 18 од Законот, Надзор над спровед-ување на одредбите од Законот врши Министерството за труд и социјална политика.

Инспекциски надзор врши Државниот инспекторат за труд, преку инспекторите за труд.

## *7. ЕДУКАЦИЈА И ПРЕКРШОЦНИ ОДРЕДБИ И ПОРАМНУВАЊЕ*

### *7.1. Едукација*

Согласно член 19 од Законот, доколку при вршењето на инспекциски надзор Инспекторот на трудот утврди дека е сторена неправилност од членот 9 став 1 алинеи 1, 2 и 3, членот 11 став (1) алинеи 1, 2 и 3, членот 13, членот 15 и членот 17 од овој закон**, е должен да состави записник,** во кој ќе ја утврди сторената неправилност, со укажување за отстранување на утврдената неправилност **во рок од осум дена и со истовремено врачување на ПОКАНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈА** на лицето или работодавачот каде е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Едукацијата ја организира и спроведува Државниот инспекторат за труд, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности, за еден или за повеќе работодавачи.

Доколку во закажаниот термин лицето или работодавачот над кој се спроведува едукацијата, не се јави на едука-цијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку лицето или работодавачот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

Доколку инспекторот на трудот при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

Доколку инспекторот на трудот при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред прекршочната комисија.

Државниот инспекторат за труд води евиденција за спроведената едукација, на начин пропишан од министерот надлежен за работите од областа на трудот.

### 7.1.1. Покана за едукација, начин на спроведување на едукацијата и начин на водење на евиденција за спроведената едукација

Согласно член 19 од Законот, донесен е Правилникот за формата и содржината на Поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водење на евиденцијата за спроведената едукација објавен во (“Службен весник на РМ” 127/19), со кој се пропишува формата и содржината на **ПОКАНАТА** за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водење на евиденцијата за спроведената едукација.

Кога во вршењето на инспекцискиот надзор, инспе-кторот за труд, ќе констатира сторена неправилност за прекр-шок, на работодавачот, му врачува покана за едукација.

Поканата за едукација се врачува лично на работодавачот што се повикува на едукација.

Инспекторот треба да обезбеди уреден доказ дека работодавачот што се повикува на едукација, уредно ја примил поканата.

Едукацијата се врши во просториите на Државниот инспекторат за труд.

По исклучок, едукацијата може да се врши и во деловните простории на работодавачот, во кои при вршење на инспекцискиот надзор е утврдена неправилноста.

Едукацијата се врши во времето одредено од страна на државниот инспектор за труд.

Едукацијата се врши два пати месечно, а по потреба и повеќе пати.

**За спроведената едукација, се води евиденција, рачно и/или во електронска форма, која содржи:**

- ✓ Реден број; - број и датум на поканата за евиденција;
- ✓ Име и презиме на лицето кое се повикува на едукација;
- ✓ Назив и седиште на работодавачот;
- ✓ Кратко означување на предметот на едукација;
- ✓ Име и презиме на инспекторот кој ја извршил едукацијата;
- ✓ Датум кога е извршена едукацијата и
- ✓ Забелешка.

Прилог

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗА ТРУД И**
**СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**
Државен инспекторат за труд

Број: од година

**ПОКАНА**
**за спроведување на едукација**

**1. Податоци за лицето кое се повикува на едукација**

Име и презиме ___________________________________________
ЕМБГ ______________________ место на раѓање_______________
Адреса на живеење _______________________________________
Функција што ја врши кај работодавачот ___________________
Занимање ____________________ државјанство_______________

**2. Податоци за работодавачот**

Назив и седиште _________________________________________
Бр. на трансакциска сметка __________________ даночен број___________
Депонент банка на работодавачот __________________________

Државниот инспектор за труд ќе спроведе едукација во _______ часот, на ден ______ __________ година, во просториите на ______________________, лоцирани на Ул. ________________________________
Предмет на поканата е ____________________________________
______________________________________________________

Име и презиме на инспекторот

_________________________

М.П.

Место и датум на издавање

_________________________

**ЗАБЕЛЕШКА:** Согласно член 19 став (5) од Законот за практиканство, доколку во закажаниот термин лицето или работодавачот над кој се спроведува едукацијата, не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

*7.2. Прекршочни одредби*

Согласно член 20 од Законот, **Глоба во износ од 1.500** евра во денарска противвредност, ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

- Склучи договор за практикантска работа со практикант кој не ги исполнува условите утврдени со одредбите од законот (**член 3),**
- Обезбеди практикант за своите потреби без јавен оглас со предвидената содржина со одредбите од овој закон или органите на државната власт или единиците на локалната самоуправа не ја почитуваат соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците и родово балансирано учество (**член 4**),
- Склучи договор за практикантска работа за времетраење на практикантската работа спротивно на одредбите од овој закон или дозволи практикантска работа повеќе пати со исто лице **(член 6),**
- Ангажира поголем број на прантиканти од бројот утврден со одредбите на законот **(член 7 ставови 1 и 2),**
- Не му обезбеди на практикантот право на месечен надоместок и не исплати месечен надоместок на практикантот во нето износ за полно работно време за извршена практикантска работа или пократко од полното работно време согласно со одредбите од законот **(член 8 ставови 1, 2 и 3),**
- Не му исплати пропорционален дел како надоместок за вршење на практикантска работа во случај на отсуство од работа по било кој основ освен одмор или не го исплати надоместокот до 15 во тековниот месец за претходниот месец **(член 8 ставови 4 и 5),**
- Пред склучување на договорот за практикантска работа писмено не направи и даде на практикантот опис на целите, задачите и процесот на практикантството, не го запознае со условите за работа и опасностите поврзани со работата или општите акти на работодавачот **(член 9 став 1 алинеи 1, 2 и 3),**
- Не му обезбеди на практикантот дневен и неделен и платен одмор, не му обезбеди и исплати надоместок или не му исплати надоместок на трошоци согласно со законот **(член 9 став 1 алинеи 4, 5, 6 и 7),**

- Не објави јавен оглас за потребата од практикантство на својата интернет страница или на интернет страницата на Агенцијата за вработување на Република Македонија или друг јавен медиум, не ги утврди целите за ангажирање, задачите и процесот на практикантска работа **(член 11 став 1 алинеи 1 и 2),**
- Не потпише договор за практикантска работа со избраниот кандидат, не изврши пријава на практикантот и одјава во дадениот рок, не обезбеди одговорно лице ментор за континуиран надзор на практикантот или дозволи самостојно работење на практикантот спротивно на одредбите од законот **(член 11 став (1) алинеи 3, 4, 5 и 6),**
- Не му обезбеди на практикантот услови и средства за работа, не му даде потврда за стекнатите знаења, вештини и компетенции во утврдениот рок, редовно не му исплаќа надоместок согласно со договорот, не исплати данок на личен доход согласно со закон, не обезбеди средства за заштита при работа, тајност на личните податоци и заштита на приватноста, не плати придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест и дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување **(член 11 став 1 алинеи 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13),**
- Му наплати на практикантот трошоци за обука, трошоци за превоз, за работни материјали и други трошоци поврзани со вршење на практикантската работа **(член 11 став 2);**
- Овозможи практикантска работа без договор за практикантска работа во писмена форма, овозможи практикантство на лице помладо од 18 години со договор за практикантска работа непотпишан од практикантот и родител или старател, овозможи со договор за практикантска работа да се замени постојно работно место **(член 12 став 1, 2, 3 и 5)**
- Потпише договор за практикантска работа со содржина спротивна на одредбите од законот **(член 13),**
- Не ја прими писмената изјава за раскинување на договорот за практикантска работа, не го раскине договорот за практикантска работа во дадениот рок, го раскине

договорот за практикантска работа спротивно на овој закон **(член 14 ставови 2 и 3) и**

- Неправилно води или не води евиденција на работните часови на практикантот **(член 15).**

**Глоба во износ од 30%** од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

**Глоба во износ од 150 до 250 евра** во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на работодавач-физичко лице.

### *7.3. Глоба за овластено службено лице*

Согласно член 21 од Законот, **Глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност** ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од органот кој ја води постапката и надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и податоците ако:

- ✓ Не води евиденција за договорите за практиканска работа и не ги чува согласно овој закон (член 16, став1)

За прекршоците утврдени во членовите 20, од законот прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува прекршочниот орган – Прекршочна комисија, во рамките на министерството надлежно за работите од областа на трудот.

### *7.4. Порамнување*

Согласно Член 22 од Законот, доколку при вршење на инспекциски надзор над примената на овој закон се утврди повреда која е пропишана како прекршок со законот, од страна на овластеното службено лице задолжително ќе му се понуди постапка за порамнување на сторителот на прекршокот согласно со Законот за прекршоците.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог и мандатен платен налог ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

### *7.5. Одмерување на глоба*

Согласно член Член 23 од Законот, одмерување на висината на глобата за правното лице, се врши согласно со Законот за прекршоците.

### *7.6. Водење прекршочна постапка*

Согласно Член 24 од Законот, за прекршоците од членот 20 од законот, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува прекршочниот орган.

Прекршочна комисија, во рамките на министерството надлежно за работите од областа на трудот.

За прекршоците од членот 21 од законот, надлежниот орган ќе издаде мандатен платен налог согласно со Законот за прекршоците.

# *ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА*

*дипл. правник: **Христина Игнатоска***

## РАБОТНО ВРЕМЕ
## СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ

*Прекувремената работа може да трае најмногу осум часа во текот на една недела и најмногу 190 часа годишно, освен за работите кои според специфичниот процес на работа не можат да се прекинат или за кои нема услови и можности да се организира работата во смени.*

### *ВОВЕД*

Согласно Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" 62/05…120/18), работно време е времето во кое работникот работи и ги извршува своите работи и работни задачи согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување.

Според Законот, работен однос може да се заснова на полно работно време исто така и за време пократко од полното работно време, односно скратено работно време.

Полното работно време не смее да биде подолго од 40 часа неделно, а времето поминато на работа, кое е подолго од 40 часа неделно, спаѓа во прекувремена работа.

### *1. ПОЛНО РАБОТНО ВРЕМЕ*

Согласно член 116 од Законот за работни односи, полното работно време не смее да биде подолго од 40 часа неделно.

Со закон, односно со колективен договор може да се одреди како полно работно време, работното време кое е пократко од 40 часа неделно, меѓутоа не помалку од 36 часа неделно.

Со закон или други прописи во согласност со закон, или со колективен договор може да се определи за работните места, кај кои постојат поголеми опасности од повреди или здравствени оштетувања, полното работно време да трае помалку од 36 часа неделно.

Ако полното работно време не е определено со закон или колективен договор, се смета како полно работно време, работното време од 40 часа неделно

Работната недела по правило трае пет работни дена.

Работодавачот е должен да води евиденција за полното работно време.

Работодавач кој има над 25 вработени и кај кого процесот на работата се врши на една локација е должен да води електронско евидентирање на полното работно време и на прекувремената работа.

Согласно член 18 ставови (7) (8) (9) од Законот за работни односи, максималниот број на часови на работно време на младо лице на возраст под 16 години е 30 часа неделно и во случај кога младото лице работи кај повеќе работодавачи истовремено.

Максималниот број на часови на работно време на младо лице на возраст над 16 години е 37 часа и 45 минути неделно и во случај кога младото лице работи кај повеќе работодавачи. Работното време на младо лице не смее да надмине осум часа во период од 24 часа.

## *2. ПРЕКУВРЕМЕНА РАБОТА*

Согласно член 117 од Законот за работни односи, работникот е должен на барање на работодавачот да врши работа преку полното работно време (прекувремена работа):

- во случаи на исклучително зголемување на обемот на работата;
- ако е потребно продолжување на деловниот или производниот процес;

- ако е нужно да се отстрани оштетување на средствата за работа, што би предизвикало прекинување на работата;
- ако е потребно да се обезбеди безбедност на луѓето и имотот, како и безбедноста на прометот и
- во други случаи определени со закон или колективен договор.

***Прекувремената работа може да трае најмногу осум часа во текот на една недела и најмногу 190 часа годишно, освен за работите кои поради специфичниот процес на работа не можат да се прекинат или за кои нема услови и можности да се организира работата во смени.***

За работниците од Министерството за внатрешни работи, кои вршат посебни должности и овластувања согласно со посебен закон, прекувремената работа може да трае подолго од 190 часа годишно, поради извршување на итни и неодложни работи, по претходно дадена писмена согласност на работникот.

На работникот кој работел над 150 часа подолго од полното работно време, а не отсуствувал од работа повеќе од 21 ден во текот на годината, кај истиот работодавач, работодавачот е должен да му исплати покрај додатокот на плата и бонус во висина од една просечна плата во Републиката.

Работодавачот е должен да води посебна евиденција за прекувремената работа и часовите за прекувремената работа посебно да ги наведе во месечната пресметка на платата на работникот.

Работодавачот е должен за секое воведување и извршување на прекувремената работа писмено да го извести подрачниот државен инспектор на трудот во рок од три работни дена од воведувањето на прекувремената работа.

Ако работодавачот воведува прекувремена работа подолго од 8 часа неделно или 190 часа годишно, должен е да изврши прераспоредување на работното време или воведување на нови смени.

Согласно член 119 од Законот за работни односи, работникот е должен да ја врши работата преку полното или договорното пократко работно време на своето работно место или други работи во врска со отстранување или спречувањето

на последиците, во случаите на природна или друга несреќа, ако таа несреќа непосредно се очекува. Таквата работа може да трае додека е неопходно да се спасат човечките животи, да се заштити здравјето на луѓето или да се спречи непоправливата материјална штета.

### *3. ЗАБРАНА ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТА ПОДОЛГО ОД ПОЛНОТО РАБОТНО ВРЕМЕ*

Согласно член 120 од Законот за работни односи, работодавачот не смее да наложи работа подолго од полното работно време:

- ако работата може да се изврши со соодветна организација или распределба на работата, распоредување на работното време или воведување на нови смени;
- на работникот жена, во согласност со одредбите на овој закон поради заштита на бременоста, раѓање и родителството;
- на мајка со дете до три години старост и самохран родител со дете до шест години старост, освен ако работникот даде писмена изјава дека доброволно се согласува со прекувремена работа;
- на повозрасен работник;
- на работник кој не наполнил 18 години возраст;
- на работникот на кој врз основа на мислење на лекарската комисија поради таквото работење ќе му се влоши здравствената состојба;
- на работникот кој има полно работно време пократко од 36 часа неделно поради работа на работното место, каде што опстојуваат поголеми опасности од повреди или здравствени оштетувања и
- на работникот кој работи помалку од полното работно време (скратено работно време) во согласност со прописите за пензиско и инвалидско осигурување (инвалидност), прописите за здравствено осигурување (медицинска рехабилитација) или други прописи (родителски обврски).

### *4. ДОПОЛНИТЕЛНО РАБОТЕЊЕ*

Согласно член 121 од Законот за работни односи, работникот, кој работи полно работно време, може по исклучок да склучи договор за вработување со скратено работно време со друг работодавач, меѓутоа најмногу за десет часа неделно, со претходна согласност на работодавачите, каде што е вработен со полно работно време.

Обврзан составен дел на договорот за вработување со скратено работно време со друг работодавач, е договорот за начинот на остварувањето на правата и обврските од овој работен однос со оглед на правата и обврските на работникот кај работодавачот, каде што е вработен со полно работно време.

На работникот, кој склучува договор за вработување со скратено работно време со друг работодавач, престанува да му важи договорот за вработување во согласност со овој закон, по изминувањето на договореното време, или ако е повлечена согласноста на работодавачот, каде што работникот е во работен однос со полно работно време.

### *5. СКРАТЕНО РАБОТНО ВРЕМЕ ВО ПОСЕБНИ СЛУЧАИ*

Согласно член 122 од Законот за работни односи, работникот кој работи помалку од полното работно време (скратено работно време) во согласност со прописите за пензиско и инвалидско осигурување (инвалидност), прописите за здравствено осигурување (медицинска рехабилитација) и остварува права од задолжителното социјално осигурување кога би работел со полно работно време. Таквиот работник, кој работи помалку од полното работно време, има право на плаќање за работата според стварните работни обврски, како и други права и обврски од работниот однос како работникот кој работи полно работно време, ако со овој закон поинаку не е определено.

Согласно член 122-а од Законот за работни односи, на работникот кој работи на особено тешки, напорни и штетни по здравјето работи, а чие штетно влијание врз неговото здравје, односно работна способност не може во целост да се отстрани со заштитни мерки, работното време му се скратува сразмерно на штетното влијание врз неговото здравје, односно работна способност, во согласност со закон и колективен договор.

При остварување право на плата и другите права од работен однос, скратеното работно време за кое зборуваме се изедначува со полното работно време.

Како особено тешки, напорни и штетни по здравјето работи се сметаат: особено тешка физичка работа; работа под зголемен атмосферски притисок; работа под зголемена бучавост; работа во вода или влага; работа изложена на јонизирачки зрачења; работа со болни од заразни болести и со заразни материјали; работа на хируршки интервенции во операциони сали; работа во областа на психијатријата; работа со лица со најтешки пречки во психичкиот развиток; работа во судска медицина и патолошка анатомија; работа со нагризувачки материјали; работа на летачки персонал; балетски изведби; музичари на дувачки инструменти; играорци и оперски солисти; работа во близина на напон или под напон и работа на височина или длабочина.

Одобрение за работа со скратено работно време дава министерот надлежен за работите од областа на трудот, врз основа на претходно прибавено мислење од здравствена установа која врши дејност медицина на трудот и мислење од инспекција на трудот.

Барање за покренување на постапка за добивање на одобрение за работа со скратено работно време може да поднесе работникот или синдикалната организација до работодавачот.

Здравствената установа која врши дејност медицина на трудот и инспекцијата на трудот мислењето го доставуваат врз основа на претходно изготвен и доставен елаборат од работодавачот.

Барање за добивање одобрение за работа со скратено работно време поднесува работодавачот до министерството надлежно за работите од областа на трудот.

Кон барањето за добивање одобрение, работодавачот доставува мислење од здравствена установа која врши дејност медицина на трудот и мислење од инспекција на трудот.

Доколку инспекцијата на трудот утврди дека постојат условите определени со законот, со решение ќе му нареди на работодавачот да покрене постапка за утврдување на скратено работно време.

Согласно член 122-а од Законот за работни односи, работникот кој работи на особено тешки, напорни и штетни по здравјето работи, а чие штетно влијание врз неговото здравје,

односно работна способност не може во целост да се отстрани со заштитни мерки, не смее да работи на тие работи прекувремено, ниту може да се вработи кај друг работодавач на истите работи, за времето за кое работи со скратено работно време.

## *6. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА РАБОТНО ВРЕМЕ*

Согласно член 123 од Законот за работни односи, распоредувањето и условите за времено прераспоредување на работното време се одредуваат со закон, колективниот договор или договорот за вработување.

Работодавачот мора во писмена форма да го извести работникот за временото прераспоредување на работното време најмалку еден ден пред тоа, со тоа што, при распоредување на полното работно време работникот не смее да биде распореден на помалку од четири работни дена во неделата.

Распоредувањето на работното време се врши според природата или организацијата на работата или потребите на корисниците. При распоредување, како и временото прераспоредување на полното работно време, работното време не смее да трае повеќе од 40 часа неделно и не помалку од четири часа дневно. При распоредување, како и временото прераспоредување на работното време се зема предвид работното време како просечна работна обврска во периодот, кој не смее да биде подолг од шест месеца.

Одредбата од членот 120 од Законот за работни односи за забрана на работа преку полното работно време важи, исто така, и во случај на нееднакво распоредување или прераспоредување на работното време.

### *6.1. Прераспределба на работното време и работа во смени*

Согласно член 124 од Законот за работни односи, прераспределбата на работното време може да се изврши кога тоа го бара природата на дејноста, односно работите и задачите.

Во случаите наведени погоре, прераспределбата на работното време се врши така што вкупното работно време на работникот во просек да не биде подолго од 40 часа во работната недела во текот на годината.

Согласно член 124-а од Законот за работни односи, работодавачот може да ја организира работата и во смени.

Работа во смени значи секој метод на организирање на работата во смени во која работниците се сменуваат едно-подруго на исто работно место во согласност со одреден план и кое може да биде континуирано или со прекини, вклучувајќи ја потребата за работниците да работат во различно време во даден период на денови или недели.

Планот се доставува и до синдикалната организација кај работодавачот, најмалку десет работни дена пред примената на планот.

Согласно член 126 од Законот за работни односи, работникот кој поради прераспоредување на работното време и кој во времето пред престанувањето на работниот однос во календарската година поминал повеќе работни часа на работа, отколку што е тоа одредено за работата со полно работно време, може да бара, веќе одработените работни часови да му се пресметаат во работни денови со полно работно време.

Според ставот (1) од членот 126, пресметаните денови се сметаат во работен стаж на работникот, како кога би ги поминал на работа. Вкупниот работен стаж во календарската година не смее да надминува 12 месеца.

## *7. НОЌНА РАБОТА*

Согласно член 127 од Законот за работни односи, ноќна работа се смета работењето во ноќно време.

Ноќно време е периодот меѓу 22,00 часот и 6,00 часот наредниот ден.

Работодавачот, кој користи редовно работници за ноќна работа е должен да ја извести инспекцијата на трудот.

### *7.1. Права на работниците кои работат ноќно време*

Согласно член 128 од Законот за работни односи, работникот кој работи ноќе барем три часа од својата редовна дневна работна обврска, односно работникот кој одработува ноќе третина од полното работно време од својата годишна работна обврска, има право на посебна заштита за ноќна работа.

Ако на работник заради ноќна работа според мислење на лекарската комисија заради таквото работење би можела да му се влоши здравствената состојба, работодавачот е должен да го ангажира на соодветна работа дење.

Работодавачот, на негов трошок е должен на работниците кои работат ноќно време да им обезбеди:

- *подолг одмор;*
- *соодветна храна,* ***или надоместок на трошоците за исхрана во висина од 20% од просечната нето плата по работник исплатена во Република Македонија во претходната година, сразмерно на деновите кога работникот работи ноќе.***
- *стручно раководство на работниот, односно производниот процес и*
- *лекарски прегледи, пред нивно ангажирање во ноќна работа и во редовни временски периоди утврдени со закон.*
- *Ако работата се врши во смени, работодавачот е должен да обезбеди периодично менување на работниците.*
- ***Доколку нема јавен превоз, работодавачот, не смее да го распореди на ноќна работа работникот на кој нема да му обезбеди услови за превоз до и од работа.***

Работното време на работникот кој работи ноќе на работно место, каде што постојат поголеми опасности од повреди или здравствени оштетувања, не смее да трае повеќе од осум часа дневно.

### *7.2. Консултирање со синдикатот*

Согласно член 130 од Законот за работни односи, работодавачот е должен пред воведувањето на ноќната работа, ако ноќната работа редовно се врши со работници кои работат ноќе најмалку еднаш годишно, да се консултира со репрезентативниот синдикат кај работодавачот, а ако таков нема, со работничкиот претставник за одредување на времето, коешто се смета како време на ноќното работење, за облиците на организирање на ноќното работење, за мерките за заштита при работа, како и мерки од социјалната заштита.

### *7.3. Ноќна работа на жените во индустријата и градежништвото*

Согласно член 131 од Законот за работни односи, работничка од областа на индустријата и градежништвото не може да се распореди на работа ноќе ако работата во тоа време би оневозможила да оствари одмор од најмалку седум часа во времето меѓу 22,00 часот и 5,00 часот наредниот ден.

Забраната не се однесува на работничка која има посебни овластувања и одговорности или која врши работи на здравствена, социјална и друга заштита на работници.

По исклучок, на работничка може да и се определи да работи ноќе кога е неопходно да се продолжи работата прекината од виша сила и кога е потребно да се спречи штетата на суровини или на друг материјал.

Работничката може да биде распоредена на работа ноќе и кога тоа го бараат особено сериозни економски, социјални и слични околности под услов работодавачот за воведување на таква работа да добие согласност од органот на државната управа надлежен за работите на трудот.

**ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА**

*дипл. правник:* ***Христина Игнатоска***

# ЗАКОН ЗА СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ ЗА СТАРИ ЛИЦА

*На 21 мај 2019 година, Собранието на Република Северна Македонија го донесе Законот за социјална сигурност за стари лица, кој е составен од 18 члена и е објавен во број 104 на Службен весник..*

## *ВОВЕД*

Со Законот за социјална сигурност за стари лица (“Службен весник на РСМ” 104/19) се уредува социјалната сигурност за стари лица, условите и постапката за остварување фининасирањето на правото на социјална сигурност за стари лица.

Социјалната сигурност се обезбедува согласно со начелата на социјална праведност, хуманост и солидарност.

Возрасни лица кои навршиле 65 години старост, а немаат друг извор на приходи или финансирање, според законските одредби се стекнуваат со право на паричен надомест.

Правото сепак се остварува врз основа на поднесено барање, а не врз основа на утврдување по службена должност.

## *1. УСЛОВИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРАВО НА СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ ЗА СТАРИ ЛИЦА*

Согласно член 3 од Законот за социјална сигурност за стари лица (“Службен весник на РМ” 104/18), право на социјална сигурност на стари лица има ***лице со навршени 65 години***

***возраст*** под услови утврдени со законот. Ако подносителот на барањето за остварување на ова право има брачен другар или лице со кое живее во вонбрачна заедница со навршени 65 години возраст, правото го остварува само едно од лицата.

Право на социјална сигурност за старите лица, се оставрува ако лицето:

- Има државјанство на Република Северна Македонија;
- Има постојано место на живеење во Република Северна Македонија во последните 15 години пред поднесување на барањето;
- Нема во сопственост имот и имотни права од кои може да се издржува;
- Не е корисник на пензија во Република Северна Македонија или вид на исплата по основ на старост, инвалидност или доживување од друга држава и
- Не остварило приходи на сите основи во последните три месеци пред поднесување на барањето.

Условите се однесуваат и на неговиот брачен другар или лицето со кое живее во вонбрачна заедница.

Право на социјална сигурност за стари лица ***не може*** да оствари лице ***кое со решение на центарот на социјална работа е сместено подолго од 30 дена во установа за вонсемејна социјална заштита, здравствена или друга установа.***

## *2. ВИСИНА НА ПАРИЧЕН ИЗНОС*

*Висината на месечниот износ* на правото на социјална сигурност за стари лица ***изнесува 6.000,00 денари***.

Висината на месечниот износ се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика во јануари во тековната година.

Во случај кога нема пораст на трошоците за живот за претходната година не се врши усогласување на висината на правото на социјална сигурност за стари лица.

## *3. ПАРИЧЕН ДОДАТОК ЗА ТРОШОЦИ ЗА ПОТРОШУВАЧКА НА ЕНЕРГЕНСИ ВО ДОМАЌИНСТВОТО*

Согласно член 7 од Законот за социјална сигурност за стари лица ("Службен весник на РМ" 104/18), корисникот на правото на социјална сигурност за стари лица, има право на паричен додаток заради покривање на дел од трошоците з потрошувачка на енергенси во домаќинството, ***за месеците од октомври до март.***

Месечниот износ на висината на додаток, ***изнесува 1.000,00 денари месечно,*** усоглсена со порастот на трошоците на живот за претходната година.

Во случај кога нема пораст на трошоците на живот за претходната година не се врши усогласување на висината на паричниот додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството.

Паричниот додаток за трошоци за потрошувалка на енергенси во домаќинството, во случај кога корисникот е член на домаќинството се остварува само кога домаќинството не го користи овој додаток согласно со Законот за социјална заштита.

На корисникот на право на социјална сигурност за стари лица му се обезбедува право на здравствена заштита, соглсно со законот и прописите од обласга на здравственото осигурување.

***Напомена:*** **Здравствена заштита се обезбедува само доколку не може да се стекне со осигурување по друга основа.**

Корисникот е должен да ја пријави материјалната и имотната состојба за себе, за брачниот другар или лицето со кое живее во вонбрачна заедница, при поднесување на барањето и за време на користење на правото, да извести за промените во текот на користењето на правото, а кои влијаат на остварување и користење на правото, во рок од 15 дена сметано од настанувањето на промената, до надлежниот центар за социјална работа.

### *4. ПРЕСТАНОК НА ПРАВОТО НА СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ ЗА СТАРИ ЛИЦА*

Право на социјална сигурност за стари лица престанува ако:

- ✓ Корисникот при поднесувањето на барањето даде невистини или нецелосн податоци за материјалната, семејната и имотната состојба за себе, брачниот другар или лицето со кое живее во вонбрачна заедница,
- ✓ Корисникот не ја пријави промената на маетријалната и имотната состојба за себе, брачниот другар или лицето со кое живее во вонбрачна заедница, во текот на користење на правото и
- ✓ Корисникот со решение на центарот е сместен подолго од 30 дена во установа за вон-семејна социјална заштита или загрижувачко семејство, здравствена или друга установа.

Во овие случаи правото на социјална сигурност за стари лица не може да се користи во наредните 12 месеци.

### *5. ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ ЗА СТАРИТЕ ЛИЦА*

Постапката за остварување на правото на социјална сигурност за стари лица се поведува по барање на лицето со навршени 65 години возраст или неговиот старател. Правото на социјална сигурност се остварува од денот на поднесување на барањето. Правото на социјална сигурност за стари лица престанува со денот на престанокот на условите за користење на правото, утврдени со овој закон.

По барањето за остварување на правото на социјална сигурност за стари лица во прв степен решава центарот за социјална работа, надлежен за подрачјето на кое подносителот на барањето на живеалиште или престојувалиште, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето.

По жалбата против решението, решава Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка по работен однос во втор степен.

Министерот за труд и социјална политика го пропишува начинот на утврдување на состојбата и видот на приходите, имотот и имотните права на подносителот и неговиот брачен другар или лице со кое живее во вонбрачна заедница, образецот на барањето и потребната документација за оствaрување на правото на социјална сигурност за старите лица.

Центарот за социјална работа, во постапката за остварување на правото на социјална сигурност за старите лица соодветно ги применува одредбите од Законот за социјална заштита.

# *ИНФОРМАЦИИ*

*дипл. економист: Јулија Минковска*

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ АПРИЛ 2019 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна месечна бруто плата исплатена во Републиката за 2019 година (за даноци и придонеси)* | *36.017,00* |
| *Најниска основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ - 50% од просечна месечна бруто плата исплатена во Републиката за цела 2019 година за образец МП - ИН* | *18.009,00* |
| *Највисока основица за пресметка на придонеси од работен однос (16 x 36.017)* | *576.272,00* |
| *Лично ослободување за 2019 година* | *8.000,00* |
| *Дневница за службени патувања од 19.04.2019* | *1.985,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2018 година* | *24.276,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2018 година* | *35.625,00* |

### *1. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПРИДОНЕСИ*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (“Службен весник на РМ” 142/08 ... 171/17; 35/18; 247/18), ***Основица*** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во Република Македонија, објавена во Јануари во тековната година, според податоците на ДЗС, **која за *2019* година, изнесува:**

**18.009,00 денари (36.017,00 x 50%)**

За самовработено лице кое врши професионална и друга интелектуална услуга, Основица за пресметување и плаќање на придонесите, односно основица за осигурување за тековната година неможе да биде пониска од просечна плата по работник во Р.М. објавена во Јануари во тековната година, според податоците на ДЗС која за 2019 година изнесува:

**36.017,00 денари**

## *2. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРИДОНЕСИ*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***, НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) шеснаесет просечни плати*** кој износ за 2019 година, изнесува:

**576.272,00 денари (16 x 36.017,00 денари).**

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата на извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати кој за 2019 година, изнесува.

**576.272,00 денари (16 x 36.017,00 денари).**

Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од ***(12) дванаесет просечни плати.***

**432.204,00 денари (12 x 36.017,00 денари).**

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Републи-ка Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

**28.814,00 денари (36.017,00 денари x 80%).**

При пресметка на највисоката месечна основица за тековната година се зема предвид просечната плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, ***која за 2019 година изнесува: 36.017,00 денари.***

***НАПОМЕНА: На износот повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси.***

### *3. ПРЕГЛЕД НА НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПРИДОНЕСИ*

| ПРИДОНЕСИ | Стапка | Најнизок износ | Највисок износ |
|---|---|---|---|
| Придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за месец ***АПРИЛ*** *2019 година,* за еден вработен изнесува: | 18,4% | ***3.314,00*** | ***106.034,00*** |
| Придонесот за здравствено осигурување за месец ***АПРИЛ 2019 година***, за еден вработен изнесува: | 7,4% | ***1.333,00*** | ***42.644,00*** |
| Придонесот за вработување за месец ***АПРИЛ 2019 година***, за еден вработен изнесува: | 1,2% | ***216,00*** | ***6.915,00*** |
| Придонесот за професионално заболување за месец ***АПРИЛ 2019 година,*** за еден вработен изнесува: | 0,5% | ***90,00*** | ***2.881,00*** |
| ***ВКУПНО ПРИДОНЕСИ:*** | **27,5%** | ***4.953,00*** | ***158.474,00*** |

### *4. МИНИМАЛНА ПЛАТА*

Согласно Законот за минималната плата во РМ (“Службен весник на РМ” 24/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 132/17), **висината на минималната плата** во **Бруто износ** за исплата на плата од ***АПРИЛ/2019*** заклучно до исплата на плата за *МАРТ/2020* година за сите сектори во стопанството **ќе изнесува:**

**17.943,00 денари во БРУТО ИЗНОС**

**12.507,00 денариво НЕТО ИЗНОС.**

# *5. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД*

## *5.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход*

Согласно член 12 од Законот за данок на личен доход (“Службен весник на РМ” 241/2018), данокот на личен доход за данок од работа се плаќа со примена на две даночни стапки согласно даночната основа и тоа:

| На месечна даночна основа | Стапка на данок | На даночна основа при поединечна исплата при АКОНТАТИВНО оданочување НЕТО износ | Стапка на данок |
|---|---|---|---|
| до 90.000 денари | 10% | до 81.000 денари | 11,1111% |
| од 90.001 денари | 9.000 денари + 18% на делот од доходот над 90.000 денари | од 81.001 денари | 9.000 денари + 21,9512% на делот од доходот над 81.000 денари. |

## *5.2. Даночно намалување*

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за персонален данок на доход, ***Даночното намалување за 2019*** година, на месечно и годишно ниво, изнесуваат:

| **Период** | **2019 година** |
|---|---|
| Месечно | **8.000,00** |
| Годишно | **96.000,00 (8.000 x *12)*** |

## *6. ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ*

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ" 70/94; 62/95; 33/97; 50/01; 26/02; 46/02; 37/05; 121/007; 161/08; 92/09; 97/10; 11/12; 26/13; 170/13; 139/14; 147/15), Министерството за труд и социјална политика, објавува:

1.Трошоците за живот за месец **МАРТ/*2019*** год. во однос на месец ***ФЕВРУАРИ/2019*** година ***се повисоки за (0,4%).***

2. Право на пораст на платите за месец ***МАРТ/2019*** во однос на месец ***ФЕВРУАРИ/2019*** година, ***изнесува 0,20%.***

## *7. РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ*

Работните часови за месец ***(АПРИЛ) 2019*** година, изнесуваат: ***176 часа.***

## *8. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА*

### *8.1. Надоместоци од плата за општествени и мешовити правни лица со повеќе од 49% општествен капитал*

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец **(II)** ***АПРИЛ 2019 година*** изнесува:

***24.192,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.19.38 од 19.04.2019).***

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно основицата од ***24.192,00 денари:***

**За општествени правни лица**

| |
|---|
| 1. **Регрес за годишен одмор (60% од основицата за општествени субјекти):**<br>***14.515,00 денари*** |
| 2. **Отпремнината при заминување на работник во пензија (двократен износ од основицата):**<br>***48.384,00 денари*** |
| 3. **Одвоен живот од семејството:** (60% основицата):<br>***14.515,00 денари*** |

Просечна исплатена месечна бруто плата по вработен за месец ***(II) АПРИЛ 2019 година***, изнесува:

***35.901,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр**. 4.1.19.37 од 19.04.2019).***

***8.2. Надоместоци од плата за приватен сектор***

Просечна исплатена месечна **НЕТО ПЛАТА** по вработен во претходните три месеци ***(XII-I-II/18/19 год.) АПРИЛ 2019 година*** изнесува:

***24.808,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.19.38 од 19.04.2019).***

Износот ***24.808,00 денари*** претставува основица за пресметување на следните надоместоци:

## *РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР*

1. **Регрес за годишен одмор** (Согласно член 35 став 7 од ОКДПС, Регресот за годишен одмор се исплатува во висина од најмалку 40% од основицата, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач):

- ***Најнизок износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец АПРИЛ 2019 година изнесува:***
  ***(24.808,00 х 40% = 9.923,00 денари во нето износ)***

***НАПОМЕНА: При исплата на регрес за годишен одмор се пресметува и плаќа персонален данок на доход по стапка од 11,11% на нето износ.***

- ***Највисок износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец АПРИЛ 2019 година изнесува:***
  ***24.808,00 денари***

***НАПОМЕНА:*** **При исплата на регрес за годишен одмор се пресметува и плаќа персонален данок на доход по стапка од 11,11% на нето износ.**

- **Даночно признат расход во Даночен биланс** (Согласно член 11 став 2 алинеја 6 од Законот за данокот на добивка, за признат расход во даночен биланс се смета износот на исплатениот регрес за годишен одмор во висина од 40% од просечна месечна бруто плата по работник во РМ објавена до денот на исплатата)

  ***(35.901 х 40% = 14.360,00 денари-бруто износ)***

2. **Отпремнината при заминување на работник во пензија (двократен износ од основицата *2 х 24.808*):**

***49.616,00 денари***

**Ослободен износ од персонален данок на доход**

3. **Јубилејна награда – за најмалку 10 години поминати кај ист работодавец (во висина на основицата)**

***24.808,00 денари***

**Исплатениот износ подлежи на персонален данок на доход**

4. **Надоместок за одвоен живот од семејството (60% од основицата 60% од *24.808)***

***14.885,00 денари***

**Ослободен износ од персонален данок на доход**

5. **Дневници за службени патувања во земјата (8% од основицата 8% од *24.808)***

***1.985,00 денари***

**Ослободен износ од персонален данок на доход**

6. **Дневници за службени патувања во странство**

- **50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување,** како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;
- **20% од утврдената дневница,** ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и
- **5% од утврдената дневница,** ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други ви-дови средби организиарани во странство на мултил-атерална и билатерална основа.

7. **Помош во случај на смрт на работник** во висина од три основици (*3 х 24.808)*

***74.424,00 денари***

**Ослободен износ од персонален данок на доход**

8. **Помош во случај на смрт на член на семејство** (во висина од две основици (*2 х 24.808)*

***49.616,00 денари***

**Ослободен износ од персонален данок на доход**

9. **Помош во случај на елементарни непогоди (**во висина на основицата)

***24.808,00 денари***

11. **Надомест за користење на сопствено возило за службени цели (види точка 10)**

| |
|---|
| ➢ во висина до 30% од цената на литар гориво за соодветно возило по поминат километар, ослободено од персонален данок на доход во висина, најмногу до 3.500,00 денари по возило, месечно.<br>**-30% од исплатеното даночно признат расход** |

| |
|---|
| 12. **Надомест при селидба на вработен за потребите за работодавачот (**во висина на стварни трошоци**)** |

| |
|---|
| 13. **Трошок за организирана исхрана за 2019 (**во висина од **20%** од просечна нето плата, исплатена во претходната 2018 година**):**<br>***24.276,00 x 20% = 4.855,00 денари*** |

Просечна исплатена месечна ***БРУТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(XII-I-II/2018/19год.) – АПРИЛ 2019 година изнесува:***

***36.638,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.19.37 од 19.04.2019).***

### *8.3. Најниска основица за придонеси за самовработени лица во 2019 година*

| |
|---|
| 1. **Самовработени лица – вршител на самостојна економска дејност (**таксисти, занаетчии**)**<br>***18.009,00 денари*** |
| 2. **Самовработени лица – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (**адвокати, нотари, извршители**)**<br>***36.017,00 денари*** |
| 3. **Самовработени лица – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (**адвокати, нотари, извршители**) до истекот на првата година на отпочнување на дејност:**<br>***18.009,00 денари*** |

### *8.4. Највисока оснвица за придонеси за самовработени лица во 2018 година*

1. **Највисока месечна основица** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од дванаесет просечни плати.

***432.204,00 денари (12 х 36.017,00 денари).***

### *8.5. Највисок износ на надомест за боледување што го исплаќа Фондот за здравствено осигурување*

1. Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ 25/00...142/16; 171/17), највисокиот износ на надоместокот за боледување што се исплаќа на товар на ФЗО во 2019 година, изнесува четири просечни месечни нето плати исплатени во РМ во претходната 2018 година.

***97.104,00 денари (4 х 24.276,00 денари).***

### *8.6 Највисок износ на пензија за 2019 ГОДИНАе*

1. Највисокиот износ на пензија според статистичките податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за 2019 година изнесува:

***49.811,00 денари***

### *8.7.Рефундирање на средствата за уплатени придонеси за инвалидни лица*

1. Согласно Упатството за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во заштитни друштва, инвалидни лица кога самостојно вршат дејност нкако трговци-поединци и други работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице , МТСП врши рефундирање на уплатените средства до висина не поголема од ***2 (две) просечни нето плати исплатени во РМ во претходниот месец***, кој за месец ***АПРИЛ 2019 година*** изнесува:

***49.876,00 денари (2 х 24.938,00 денари).***

### *8.8. Надоместо од плаќа за јавен сектор*

Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2019 година (“Службен весник на РМ” 233/18), на буџетските корисници им се исплатуваат следните надоместоци:

1. **Надоместок за одвоен живот од семејството (30%** од просечна месечна нето плата исплатена во РМ во претходни три месеци**)**

   ***7.442,00 денари (24.808 x 30%)***

   **Ослободен износ од персонален данок на доход**

2. **Помош во случај на смрт на работник**

   ***30.000,00 денари***

   **Ослободен износ од персонален данок на доход**

3. **Помош во случај на смрт на член на семејство**

   ***15.000,00 денари***

   **Ослободен износ од персонален данок на доход**

4. **Јубилејна награда – за најмалку 10 години работа (Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2019 година не се исплаќа)**

5. **Дневници за службени патувања во земјата (Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2019 година не се исплаќа)**

6. **Дневници за службени патувања во странство:**
   - **50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување,** како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;
   - **20% од утврдената дневница,** ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и
   - **5% од утврдената дневница,** ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организиарани во странство на мултилатерална и билатерална основа.

7. **Отпремнината при заминување на работник во пензија (двократен износ од просечна месечна нето плата по работник во републиката, објавена до денот на исплатата):**

***48.384,00 денари (2 x 24.192,00)***

**Ослободен износ од персонален данок на доход**

8. **Регрес за годишен одмор**

**(Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2019 година, не е пропишан).**

9. **Новогодишен надоместок**

**(Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2019 година, не е пропишан).**

10. **Надомест за боледување подолго од 6 месеци**

(еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен).

11. **Надомест на трошоци за селидба за потребите на работодавачот** (во висина на стварни направени трошоци).

12. **Надомест на трошоци за храна и превоз за лица волонтери за *АПРИЛ 2019*** (во висина од 15% од просечна месечна бруто плата, исплатена во 2018 година):

***(35.625,00 x 15%) = 5.344,00 денари***

**Ослободен износ од персонален данок на доход**

13. **Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2019 година.**

Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници ("Службен весник на РМ" 4/2019), вредноста на бодот за 2019 година изнесува:

***01.01. до 31.08.2019 година***
***77,24 денари***
***01.09. до 31.12.2019 година***
***81,10 денари0***

### *8.9. Надоместоци на плата за време на боледување за приватен сектор*

Согласно член 31 од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ” 150/12; 189/13; 115/14 пт; 119/15; 150/16), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** *– која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| До 15 дена | 70% од основицата |
| Над 15 дена почнувајќи од првиот ден на боледувањето за сите денови | 90% од основицата |
| Над 30 дена кога боледувањето го плаќа работодавачот | 90% од основицата |

***ОСНОВИЦА*** претставува просечен месечен износ на исплатена плата ***на која е платен придонес за здравствено осигурување за последните 12 месеци.***

### *8.10 Надоместоци на плата за време на боледување за јавен сектор*

Согласно член 20 од Општиот колективен договор за јавен сектор на Република Македонија („Службен весник на РМ” 10/108; 88/08;122/08; 85/09), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** *– која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| До 7 дена<br>До 15 дена<br>Од 15 до 21 ден | 70% од основицата<br>80% од основицата<br>90% од основицата |
| за професионално заболување и повреда на работа, давање крв и бременост и раѓање | 100% од основицата |

***Основица*** претставува просечна ***исплатена нето плата на работникот во последните 3 месеци.***

### *8.11 Испратнина при технолошки вишок*

1. Согласно член 97 од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" 62/05...27/16; 120/18) во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини (*технолошки вишок)* работодавачот е должен на работникот да му исплати ***испратнина** во следните случаи:*

| **Години поминати во работен однос** | **Висина на плата** |
|---|---|
| **До 5 години** | **Една плата** |
| **Од 5 до 10 години** | **Две и пол плати** |
| **Од 10 до 15 години** | **Три и пол плати** |
| **Од 15 до 20 години** | **Четири и пол плати** |
| **Од 20 до 25 години** | **Шест плати** |
| **Над 25 години** | **Седум плати** |

**Просечната нето плата на работникот во последните шест месеци пред отказот и истата да не биде помала од 50% од просечната нето плата исплатена по работник во РМ, во последниот месец пред отказот.**

**НАПОМЕНА 2**: ***Работен однос, се смета*** времето поминато во работен однос кај ист работодавач и работниот однос кај претходниот работодавач на кој поради настанатата статусна промена, правен следбеник е последниот работодавач.

**НАПОМЕНА 3**: Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.

**НАПОМЕНА 4**: Не се пресметува и плаќа персонален данок на доход.

### *8.12 Додатоци на плата*

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од обласа на стопанството („Службен вес-ник на РМ" 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа.......................................................35%***
- ***Работа ноќе.........................................................................35%***
- ***Работа во три смени ........................................................5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор.................................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа **зголемена за 50%.** Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

> ***НАПОМЕНА: Основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж.***

Согласно член 17 од Општиот Колективен договор за **јавен сектор** на РМ („Службен весник на РМ" 10/08; 88/08; 122/08; 85/09), **основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:**

- ***Прекувремена работа.............................................29%***
- ***Работа ноќе...............................................................29%***
- ***Работа во три смени ................................................4%***
- ***Работа во ден на неделен одмор..........................29%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа ***зголемена за 42%.***

***Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.***

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

> ***НАПОМЕНА: Основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.***

## *9. ПРИМЕРИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТА ЗА 2019 ГОДИНА*

### *9.1. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА во висина од 17.943,00 денари во БРУТО износ*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **17.943,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,40%) | 3.302,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,4%) | 1.328,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 215,00 |
| 5. Придонес за дополнително (1 x 0,5%) | 90,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 +3 + 4 +5)** | **4.935,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 13.008,00 |
| 8. Даночно намалување за 2019 година | 8000,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7– 8 ) | 5.008,00 |
| 10.Основица за пресметка на данок со 10% (основа до 90.000 денари) | 5.008,00 |
| **11. Данок на доход од 10% (10 x 10%)** | **501,00** |
| 12. Основица за пресметка на данок со 18% (основа над 90.000 денари) | 00 |
| **13. Данок на доход од 18%** | **00** |
| **14. Вкупно данок на доход (11 + 13)** | **501,00** |
| **15. НЕТО ПЛАТА (1 - 6 - 14)** | **12.507,00** |

**Пресметка на придонеси со доплата**

Бидејќи бруто плата за ефективна работа изнесува **17.943,00** денари и е понизок износ од најниската основица за пресметка на придонеси која изнесува **18.009,00** денари, треба да се изврши доплата на придонесите на основица, во висина од:

**(18.009,00 - 17.943,00 = 66,00)**

| | |
|---|---|
| **Разлика за доплата** | **66,00** |
| 1. Придонес за ПИО (1 x 18,4%) | 13,00 |
| 2. Придонес за здравство (1 x 7,4%) | 5,00 |
| 3. Придонес за вработување (1 x 1,2% ) | 1,00 |
| 4. Придонес за доп. здравство (1 x 0,5% ) | 0,00 |
| **Вкупно придонеси за доплата (1+2+3+4)** | **19,00** |

### *9.2. Пресметка на личен доход од работа која претставува НАЈНИСКА основица за пресметка на даноци и придонеси во висина од 18.009,00 денари во БРУТО износ ДО 90.000,00 денари*

| | |
|---|---|
| **1.БРУТО ПЛАТА** | **18.009,00** |
| 2.Придонес за задолжително ПИО (1 х 18,40%) | 3.314,00 |
| 3.Придонес за здравствено осигурување (1 х 7,4%) | 1.333,00 |
| 4.Придонес за вработување (1 х 1,2%) | 216,00 |
| 5.Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 х 0,5%) | 90,00 |
| **6.Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **4.953,00** |
| 7.Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 13.056,00 |
| 8.Даночно намалување за 2019 година | 8000,00 |
| 9.Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 5.056,00 |
| 10.Основица за пресметка на данок со **10%** (основа до 90.000 денари) | 5.056,00 |
| **11. Данок на доход од 10% (10 х 10%)** | **506,00** |
| 12. Основица за пресметка на данок со **18%** (основа над 90.000 денари) (9-10) | 00 |
| **13. Данок на доход од 18% (12 х 18%)** | **00** |
| **14. Вкупно данок на доход** | **506,00** |
| **15. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 14)** | **12.550,00** |

**КНИЖЕЊЕ:**

| | | |
|---|---|---|
| 420 – Плата и надоместоци од плата | 18.009,00 | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | | 18.009,00 |
| ***- (вкалкулирана бруто плата),*** | | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | 18.009,00 | |
| 2430 – Обврска за нето плата | | 12.550,00 |
| 2340 – Данок од плата | | 506,00 |
| 2347 – Придонеси од плата | | 4.953,00 |
| ***- (за пресметана плата, даноци и придонеси),*** | | |
| 2430 – Обврски за нето плата | 12.550,00 | |
| 2340 – Персонален данок од плата | 506,00 | |
| 2347 – Придонеси од плата | 4.953,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 18.009,00 |
| ***- (исплатена бруто плата).*** | | |

### *9.3. Пресметка на личен доход од работа која претставува НАЈНИСКА основица за пресметка на даноци и придонеси во висина од 18.009,00 денари во БРУТО износ ДО 90.000,00 денари*

| | |
|---|---|
| **1. НЕТО ПЛАТА** | **12.550,00** |
| 2. Даночно намалување за 2019 година | 8.000,00 |
| 3. Основица за персонален данок (1 - 2) | 4.550,00 |
| 4. Основица за данок на доход со 10% (даночна основа до 81.000) | 4.550,00 |
| **5. Данок на доход со 10% (4 x 11,1111%)** | **506,00** |
| 6. Основица за пресметка на данок на доход со 18% (даночна основа до 81.000) (3-4) | 0,00 |
| **7. Данок на доход со 18% (6 x 21,9512%)** | **0,00** |
| **8. Вкупно данок на доход (5 + 7)** | **506,00** |
| **9. Бруто плата 1 (1 + 8)** | **13.056,00** |
| **10. БРУТО ПЛАТА II (13.056 x 1,3793)** | **18.009,00** |

### *9.4. Пресметка на Личен доход од работа која претставува НАЈВИСОКА основица за пресметка на даноци и придонеси во висина од 576.272,00 денари (БРУТО ИЗНОС) (над 90.000 денари)*

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **576.272,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,40%) | 106.034,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,4%) | 42.644,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 6.915,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 2.881,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **158.474,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 417.798,00 |
| 8. Даночно намалување за 2019 година | 8.000,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 409.798,00 |
| 10. Даночна основа за пресметка на данок со 10% (основа до 90.000 денари) | 90.000,00 |
| **11. Данок на доход од 10%** | **9.000,00** |
| 12. Даночна основа за пресметка на данок со 18% (основа над 90.000 денари) (9-10) | 319.798,00 |
| **13. Данок на доход од 18% (12 x 18%)** | **57.564,00** |
| **14. Вкупно данок на доход (11 + 13)** | **66.564,00** |
| **15. Нето плата (1 – 6 – 14)** | **351.234,00** |

### *9.5. Пресметка на Личен доход од работа која претставува НАЈВИСОКА основица за пресметка на даноци и придонеси во висина од 576.272,00 денари (НЕТО ИЗНОС) (над 90.000 денари)*

| | |
|---|---|
| **1. НЕТО ПЛАТА** | **351.234,00** |
| 2. Даночно намалување за 2019 година | 8.000,00 |
| 3. Основица за данок (1 - 2) | 343.234,00 |
| 4. Основица за данок на доход со 10% (даночна основа до 81.000) | 81.000,00 |
| **5. Данок на доход со 10% (4 x 11,1111%)** | **9.000,00** |
| 6. Основица за данок на доход со 18% (даночна основа до 81.000) (3-4) | 262.234,00 |
| **7. Данок на доход со 18% (6 x 21,9512%)** | **57.564,00** |
| **8. Вкупно данок на доход (5 + 7)** | **66.564,00** |
| **9. Бруто плата 1 (1 + 8)** | **417.798,00** |
| **10. БРУТО ПЛАТА II (417.798 x 1,3793)** | **576.269,00** |

### *9.6. Пресметка на Личен доход од работа на основица ПОВИСОКА од НАЈВИСОКА основица за пресметка на даноци и придонеси во висина од 600.000,00 денари (БРУТО ОЗНОС)*

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **600.000,00** |
| 2. Вкупно придонеси за највисок износ | 158.474,00 |
| **3. Намалување на платата за придонеси (1 – 2)** | **441.526,00** |
| 4. Даночн намалување за 2019 година | 8.000,00 |
| 5. Основица за данок (3 – 4) | 433.526,00 |
| 6. Даночна основа за пресметка на данок со 10% (основа до 90.000 денари) | 90.000,00 |
| **7. Данок на доход од 10%** | **9.000,00** |
| 8. Даночна основа за пресметка на данок со 18% (основа над 90.000 денари) (5-6) | 343.526,00 |
| **9. Данок на доход од 18% (8 x 18%)** | **61.835,00** |
| **10. Вкупно данок на доход (7 + 9)** | **70.835,00** |
| **11. Нето плата (3 – 10)** | **370.691,00** |

### *9.7. Пресметка на Личен доход од работа на основица ПОВИСОКА од највисоката основица за пресметка на даноци и придонеси во висина од 370.691,00 денари (НЕТО ИЗНОС)*

| | |
|---|---|
| **1. НЕТО ПЛАТА** | **370.691,00** |
| 2. Даночно намалување за 2019 година | 8.000,00 |
| 3. Основица за персонален данок (1 - 2) | 362.691,00 |
| 4. Основица за данок на доход со 10% (даночна основа до 81.000) | 81.000,00 |
| **5. Данок на доход со 10% (4 x 11,1111%)** | **9.000,00** |
| 6. Основица за пресметка на данок на доход со 18% (даночна основа до 81.000) (3-4) | 281.691,00 |
| **7. Данок на доход со 18% (6 x 21,9512%)** | **61.835,00** |
| **8. Вкупно данок на доход (5 + 7)** | **70.835,00** |
| **9. Бруто плата 1 (1 + 8 + 158.474)** | **600.000,00** |

# *ИНФОРМАЦИИ*

***дипл. економист: Јулија Минковска***

# П Л А Т И
# ЗА МЕСЕЦ МАЈ 2019 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна месечна бруто плата исплатена во Републиката за 2019 година (за даноци и придонеси)* | *36.017,00* |
| *Најниска основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ - 50% од просечна месечна бруто плата исплатена во Републиката за цела 2019 година за образец МП - ИН* | *18.009,00* |
| *Највисока основица за пресметка на придонеси од работен однос (16 x 36.017)* | *576.272,00* |
| *Даночно намалување за 2019 година* | *8.000,00* |
| *Дневница за службени патувања од 21.05.2019* | *1.955,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2018 година* | *24.276,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2018 година* | *35.625,00* |

## *1. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПРИДОНЕСИ*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08 ... 171/17; 35/18; 247/18), ***Основица*** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во Република Македонија, објавена во Јануари во тековната година, според податоците на ДЗС, **која за *2019* година, изнесува:**

**18.009,00 денари (36.017,00 x 50%)**

За самовработено лице кое врши професионална и друга интелектуална услуга, Основица за пресметување и плаќање на придонесите, односно основица за осигурување за тековната година неможе да биде пониска од просечна плата по работник во Р.М. објавена во Јануари во тековната година, според податоците на ДЗС која за 2019 година изнесува:

**36.017,00 денари**

## *2. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРИДОНЕСИ*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***, НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) шеснаесет просечни плати*** кој износ за 2019 година, изнесува:

**576.272,00 денари (16 x 36.017,00 денари).**

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата на извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати кој за 2019 година, изнесува.

**576.272,00 денари (16 x 36.017,00 денари).**

Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од ***(12) дванаесет просечни плати.***

**432.204,00 денари (12 x 36.017,00 денари).**

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Републи-ка Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

**28.814,00 денари (36.017,00 денари x 80%).**

При пресметка на највисоката месечна основица за тековната година се зема предвид просечната плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, ***која за 2019 година изнесува: 36.017,00 денари.***

**НАПОМЕНА: На износот повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси.**

### *3. ПРЕГЛЕД НА НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПРИДОНЕСИ*

| ПРИДОНЕСИ | Стапка | Најнизок износ | Највисок износ |
|---|---|---|---|
| Придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за месец ***МАЈ 2019 година,*** за еден вра-ботен изнесува: | 18,4% | ***3.314,00*** | ***106.034,00*** |
| Придонесот за здравствено осигурување за месец ***МАЈ 2019 година***, за еден вработен изнесува: | 7,4% | ***1.333,00*** | ***42.644,00*** |
| Придонесот за вработување за месец ***МАЈ 2019 година***, за еден вработен изнесува: | 1,2% | ***216,00*** | ***6.915,00*** |
| Придонесот за професионално заболување за месец ***МАЈ 2019 година,*** за еден вработен изнесува: | 0,5% | ***90,00*** | ***2.881,00*** |
| ***ВКУПНО ПРИДОНЕСИ:*** | **27,5%** | ***4.953,00*** | ***158.474,00*** |

### *4. МИНИМАЛНА ПЛАТА*

Согласно Законот за минималната плата во РМ ("Службен весник на РМ" 24/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 132/17), **висината на минималната плата** во **Бруто износ** за исплата на плата од ***ЈУЛИ / 2018*** година заклучно до исплата на плата за ***МАРТ/2019*** година за сите сектори во стопанст-вото **ќе изнесува:**

**17.370,00 денари БРУТО ИЗНОС**
**12.165,00 во НЕТО ИЗНОС.**

## *5. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД*

### *5.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход*

Согласно член 12 од Законот за данок на личен доход (“Службен весник на РМ” 241/2018), данокот на личен доход за данок од работа се плаќа со примена на две даночни стапки согласно даночната основа И тоа:

| **На месечна даночна основа** | **Стапка на данок** | **На даночна основа при поединечна исплата при АКОНТАТИВНО оданочување НЕТО износ** | **Стапка на данок** |
|---|---|---|---|
| до 90.000 денари | 10% | до 81.000 денари | 11,1111% |
| од 90.001 денари | 9.000 денари + 18% на делот од доходот над 90.000 денари | од 81.001 денари | 9.000 денари + 21,9512% на делот од доходот над 81.000 денари. |

### *5.2. Даночно намалување*

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за персонален данок на доход, ***Даночното намалување за 2019*** година, на месечно и годишно ниво, изнесуваат:

| **Период** | **2019 година** |
|---|---|
| Месечно | **8.000,00** |
| Годишно | **96.000,00** (**8.000 x** ***12)*** |

## *6. ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ*

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ” 70/94; 62/95; 33/97; 50/01; 26/02; 46/02; 37/05; 121/007; 161/08; 92/09; 97/10; 11/12; 26/13; 170/13; 139/14; 147/15), Министерството за труд и социјална политика, објавува:

1.Трошоците за живот за месец **АПРИЛ** ***2019*** год. во однос на месец **МАРТ** ***2019*** година **изнесува** ***(0,8%).***

2. Право на пораст на платите за месец **АПРИЛ** ***2019*** во однос на месец **МАРТ** ***2019*** година, ***изнесува 0,4%.***

## *7. РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ*

Работните часови за месец ***(МАЈ) 2019*** година, изнесуваат: ***184 часа.***

## *8. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА*

### *8.1. Надоместоци од плата за општествени и мешовити правни лица со повеќе од 49% општествен капитал*

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец **(III)** ***МАЈ 2019 година*** изнесува:

***24.590,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.19.47 од 21.03.2019).***

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно основицата од ***24.590,00 денари:***

**За општествени правни лица**

| |
|---|
| 1. **Регрес за годишен одмор (60% од основицата за општествени субјекти):** <br> ***14.754,00 денари*** |
| 2. **Отпремнината при заминување на работник во пензија (двократен износ од основицата):** <br> ***49.180,00 денари*** |
| 3. **Одвоен живот од семејството:** (60% основицата): <br> ***14.754,00 денари*** |

Просечна исплатена месечна бруто плата по вработен за месец ***(III) МАЈ 2019 година***, изнесува:

***36.476,00 денари***

